Дел. бр. 02 – 228/5
25.10.2022 год.
с.Тополчани - Прилеп

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

# ООУ „КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ“ - ТОПОЛЧАНИ, ПРИЛЕП

# ЗА ПАРИОД ОД 2020 ДО 2022 ГОДИНА



**e-mail: krumevolnaroski@yahoo.com**

# СОДРЖИНА


- ❖ ВОВЕД ВО САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 4
  - ➢ Вовед во самоевалуацијата на училиштето ..... 4
  - ➢ Цели на самоевалуацијата ..... 4
  - ➢ Процес на самоевалуацијата ..... 5
  - ➢ Формирање на тим за самоевалуација ..... 6
- ❖ ПОДРАЧЈА НА ВРЕДНУВАЊЕ, ИНДИКАТОРИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ..... 7
  - ➢ Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата (табела) ..... 7
  - ➢ Нивоа на постигања ..... 7

1. ПОДРАЧЈЕ 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ..... 9
   1.1. Реализација на наставните планови и програми ..... 10
   1.2. Квалитет на наставните планови ..... 14
   1.3. Вonнаставни активности ..... 17
   - ➢ Собирање на податоци ..... 19
   - ➢ Резултати / јаки и слаби страни ..... 20
   - ➢ Анализа на резултатите ..... 21
   - ➢ Идни активности ..... 21

2. ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 22
   2.1. Постигнувања на учениците ..... 23
   2.2. Задржување / осипување на учениците ..... 27
   2.3. Повторување на учениците ..... 28
   - ➢ Собирање на податоци ..... 29
   - ➢ Резултати / јаки и слаби страни ..... 30
   - ➢ Анализа на резултатите ..... 31
   - ➢ Идни активности ..... 31

3. ПОДРАЧЈЕ 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА ..... 32
   3.1. Планирања на наставниците ..... 33
   3.2. Наставен процес ..... 35
   3.3. Искуства на учениците од учењето ..... 37
   3.4. Задоволување на потребите на учениците ..... 39
   3.5. Оценувањето како дел од наставата ..... 39
   3.6. Известување за напредокот на учениците ..... 40
   - ➢ Собирање на податоци ..... 41
   - ➢ Резултати / јаки и слаби страни ..... 42
   - ➢ Анализа на резултатите ..... 43
   - ➢ Идни активности ..... 43

4. ПОДРАЧЈЕ 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 44
4.1. Севкупна грижа за учениците ..... 45
4.2. Здравје ..... 47
4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците ..... 49
4.4. Следење на напредокот ..... 49
➢ Собирање на податоци ..... 51
➢ Резултати / јаки и слаби страни ..... 52
➢ Анализа на резултатите ..... 53
➢ Идни активности ..... 53
5. ПОДРАЧЈЕ 5: УЧИЛИШНА КЛИМА ..... 54
5.1. Училишна клима и односи во училиштето ..... 55
5.2. Промовирања на постигањата ..... 57
5.3. Еднаквост и правичност ..... 58
5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловна заедница ..... 60
➢ Собирање на податоци ..... 62
➢ Резултати / јаки и слаби страни ..... 63
➢ Анализа на резултатите ..... 64
➢ Идни активности ..... 64
6. ПОДРАЧЈЕ 6: РЕСУРСИ ..... 65
6.1. Сместување и просторни капацитети ..... 66
6.2. Наставни средства и материјали ..... 68
6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар ..... 69
6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар ..... 70
6.5. Финансиско работење во училиштето ..... 73
➢ Собирање на податоци ..... 74
➢ Резултати / јаки и слаби страни ..... 75
➢ Анализа на резултатите ..... 76
➢ Идни активности ..... 76
7. ПОДРАЧЈЕ 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА ..... 77
7.1. Управување и раководење со училиштето ..... 78
7.2. Цели и креирање на училишната политика ..... 79
➢ Собирање на податоци ..... 83
➢ Резултати / јаки и слаби страни ..... 84
➢ Анализа на резултатите ..... 85
➢ Идни активности ..... 85

# ❖ ВОВЕД ВО САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО

## ➢ Вовед во самоевалуацијата на училиштето

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

## ➢ Цели на самоевалуацијата:

- ✓ Внатрешно структуирање на училишен систем за следење, вреднување, оценување и унапредување на работата.
- ✓ Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- ✓ Вклучување на сите субјекти (директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница) во развојниот процес на училиштето и во воспитно - образовниот систем.
- ✓ Обезбедување поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- ✓ Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- ✓ Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- ✓ Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, преку севкупната образовна политика со јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- ✓ Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

Изработката на самоевалуација е процесот кој е комплексен, составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

## ➢ Процес на самоевалуација



## Формирање на тим за самоевалуација

| 1. Наставни планови и програми | 2. Постигнувања на учениците |
|---|---|
| Катерина Наумоска - наставник, одд. настава<br>Билјана Костоска - наставник, одд. настава<br>Марија Грижоска - наставник, македонски јазик<br>Цена Ангелеска - наставник, математика и физика | Каролина Подигачоска - наставник, одд. настава<br>Марија Јанкулоска - наставник, одд. настава<br>Цветанка Кузманоска Рипилоска - наставник, англиски ј.<br>Христина Мојаноска - наставник, хемија и природни нау. |
| **3. Учење и настава** | **4. Поддршка на учениците** |
| Зуграфка Николова Салатоска - наставник, одд. настава<br>Наташа Велкоска Амбарџиева - одд. настава<br>Билјана Талевска Беличанец - наставник, биологија и природни науки<br>Валентин Ангелески - наставник, ФЗО | Гордана Мирческа - наставник, одд. настава<br>Стојко Колески - наставник, одд. настава<br>Соња Тромпеска - наставник, матемтика и физика<br>Петар Најдоски - наставник по историја<br>Владимир Димески - наставник, ФЗО |
| **5. Училишна клима** | **6. Ресурси** |
| Гроздана Богојеска - наставник, одд. настава<br>Јасмина Узуноска Кадинец - наставник, англиски јазик<br>Тони Чатлески - наставник, ликовно образование<br>Бобан Богдановски - наставник, ФЗО | Александра Ристевска - наставник, географија<br>Татјана Зајкоска - наставник, англиски јазик<br>Симона Димеска - наставник, одд. настава<br>Драги Драгутиноски - наставник, одд. настава |
| **7. Управување, раководење и креирање политика** | **Комисија за самоевалуација** |
| Мирјана Талеска - наставник, македонски јазик<br>Марта Шукуроска - наставник, германски јазик<br>Валентина Костоска - наставник, одд.настава<br>Анета Тренкоска - раководител на ППУ | **Јасмина Караниколова - социолог**<br>**Фота Дорошевска - педагог**<br>**Јордан Чавлески - наставник, предметна настава**<br>**Елизабета Кочоска - наставник, одделенска настава**<br>**Маја Јандреска - претставник од совет на родители** |

## ❖ Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата

### ➢ Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата ( табела )

| ТЕХНИКИ | ИНСТРУМЕНТИ |
|---|---|
| НАБЉУДУВАЊЕ | СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА |
| АНКЕТИРАЊЕ | АНКЕТНИ ПРАШАЛНИЦИ |
| СКАЛИРАЊЕ | СКАЛИ НА ПРОЦЕНКА (ДЕСКРИПТИВНИ И НУМЕРИЧКИ) |
| АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, ДНЕВНИК ЗА РАБОТА, ИЗВЕШТАИ, ЗАПИСНИЦИ И СЛ. | ГРАФИКОНИ, ЧЕК ЛИСТИ |

### ➢ Нивоа на постигања

Нивоата на постигања содржат јасни и прецизни описи на постигнувањата кај поединечните индикатори во рамките на одредено подрачје на вреднување. Врз основа на меѓународните искуства и индикаторите за квалитет на работата на училиштата изготвен од МОН ( Државен просветен инспекторат ) во Скопје, вреднувањето на оствареното се врши на четири нивоа и тоа: многу добро, добро, делумно задоволува, не задоволува.

**Ниво 1/ не задоволува** – Со не задоволува се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето. Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случаи, наставата е оценета како незадоволителна и притоа е потребна дополнителна поддршка од раководството во планирањето и спроведувањето на соодветни активности за подобрување.

**Ниво 2/ делумно задоволува** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалуира со делумно задоволува, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. Евалуацијата делумно задоволува може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

**Ниво 3/ добро** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно, ниту групно немаат значително негативно влијание на искуството што го имаат учениците во училиштето. Евалуацијата добро може да се даде под бројни околности. На пример, учењето и наставата се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

**Ниво 4/ многу добро** - се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако, многу добро е највисок стандард, сепак тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој аспект е добро и не треба да прави позначајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри пракси што му се нудат за понатамошно подобрување.

## 1. ПОДРАЧЈЕ 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **1.1. РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** | • Применувани наставни планови и програми;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби;<br>• Избор на наставни предмети;<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови / проектните активности на училиштето;<br>• Реализација на проширени програми. |
| **1.2. КВАЛИТЕТ НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** | • Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала;<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието;<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми. |
| **1.3. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности. |

## 1.1. РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| Извори на податоци | |
|---|---|
| **►Концепција за деветгодишно образование 2020/21**<br><br>**►Наставни планови и програми (МОН, БРО...)**<br><br>**►Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Нормативни акти на училиштето**<br><br>**►Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми**<br><br>**►Педагошка евиденција и докуменатција**<br><br>**►Годишни, глобални, тематски планирања на наставниците**<br><br>**►Дневни подготовки на наставниците (одделенска и предметна настава) -Записник од посета на** | **Применувани наставни планови и програми**<br><br>Во нашето училиште се реализира современа настава, и притоа, наставнот план и наставните програми се реализираат во пропишаниот обем, согласно насоките од МОН и БРО. Годишните и тематските планирања наставниците во целост ги изработуваат според дадените насоки на национално ниво.<br>Од учебната 2021/22 год. воведена е нова образовна концепција, за прво и четврто одделение, а истата продолжува со реализација и во учебната 2022/23 год. во второ и петто одделение. Во рамките на наставните програми се интегрирани и содржини со примена на ИКТ, ПМИО, содржини од интеркултурна компонента, а од учебната 2021/22 год. и содржни од Личен развој на учениците.<br>Наставниците имаат можност да ги избираат учебниците, со помош на кои ќе ги реализираат содржините, како и пропратната литература која непосредно е во врска или е прилагодлива за обработка на предвидените содржини, но најчесто мора да се придржуваат до оној учебник кој веќе бил во употреба во училиштето од претходните години. Секоја наставник наставата ја изведува според одобрената програма. Наставниот план и наставните програми на наставниците им се достапни, редовно ги користат како насока при планирањето во секојднавното работење и истовремено ги оплеменуваат со нови насоки кои се добиваат на формалните интегрирани обуки.<br><br>**Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програмии**<br><br>Училиштето навремено и редовно ги информира родителите и учениците за наставниот план и наставните програми соодветно за секој наставен предмет. Наставниот план и наставните програми непосредно и посредно им се презентираат на родителите и тоа:<br>➢ Преку давање на информации на родителските состаноци (најчесто на првата наставничко-родителска средба), Советот на родители, при што се добива |

| | |
|---|---|
| **наставен час од страна на директор, стручна служба...**<br><br>**►Евидентен лист за следење на Годишните тематски глобални планирања**<br><br>**►Инклузивен тим**<br><br>**►Индивидуален образовен план**<br><br>**►Записници од Училишен одбор**<br><br>**►Записници од Совет на родители**<br><br>**►Записници од стручните органи и тела (активи од одделенска и предметна настава)**<br><br>**►Програма за работа на училишната заедница**<br><br>**►Записници од предходните инспекциски надзори**<br><br>**►Избор на изборни предмети - Анкети** | повратна информација за наставните планови и програми;<br>➢ Преку запознавање со интернет страната на Министерството за образование и наука и БРО на која се истакнати наставните планови и програми со нивните цели, активности и содржини;<br>➢ Преку редовно водење на е-дневникот, на родителите им е овозможено редовно информирање за текот на наставниот процес, како и за постигањата и редовноста на учениците.<br><br>Наставниците, за секоја учебна година, изготвуваат Годишни планирања во кои се наведени наставните цели по критериуми и стандарди на оценување кои им ги презентираат на родителите и учениците на родителски состанок на почетокот од учебната година.<br>Учениците се запознаваат со целите на наставната програма и критериумите за оценување во текот на целата учебна година на часовите на секој наставен предмет.<br><br>**<u>Приспособување на наставните планови и програми на децата со посебни образовни потреби (ИОП)</u>**<br><br>Во училиштето има детекирано двајца ученици со посебни образовни потреби, и тоа во ЦОУ с.Тополчани и ПУ с.Галичани. Училиштето пристапува на помош на овие ученици и има изработено индивидуален образовен план. Оние ученици кои имаат потешкотии во учењето со емоционални и социјални проблеми вклучени се во редовната настава по сите наставни предмети. Наставниците посебно ги истакнуваат целите кои се однесуваат на социјализацијата, комуникацијата и стекнувањето основни поими кај овие ученици, за себе и средината околу себе. Во училиштето е формиран инклузивен тим, кој ги следи сите насоки за помош на овие ученици. На оваа проблематика, инклузивниот тим, како и повеќето наставници се консултираат и соработуваат со стручни лица - волонтери кои ја даваат својата стручна помош и поддршка при реализацијата на наставата за работа со ученици со ПОП.<br>Туторска подршка на учениците и образовен медијатор не се реализира. |

| | |
|---|---|
| **► Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Брошура на училиштето**<br><br>**►е-дневник**<br><br>**►Програми за слободни активности**<br>**-спортска секција**<br>**-литературно рецитаторска секција**<br>**-драмска секција**<br>**-математичка секција**<br><br>**►Сертификати од ПМИО за стекнати компетенции**<br><br>**►Досие на наставници за реалзирани активности од ПМИО-МИМО**<br>**-Податоци добиени од СИТ-от за МИО**<br><br>**►Податоци добиени од Следење на Годишните планирања на наставниците**<br><br>**►Програма за намалување на насилството** | **<u>Избор на наставни предмети</u>**<br><br>Училиштето согласно Наставниот план и програма секогаш во месец мај врши избор на изборни предмети. Наведените изборни предмети се утврдени врз основа на лична определба на учениците, односно на нивните родители. Определбата е направена според предходно спроведена анкета. При реализација на наставата се применуваат разновидни современи наставни методи и техники. Во училиштето се реализираат следните изборни предмети:<br>➢ **<u>Во одделенска настава (според новата концепција):</u>**<br>- Финансиска писменост - IV одд. (прво полугодие);<br>- Млади уметници - IV одд. (второ полугодие);<br>- Образование за животни вештини - V одд. (прво полугодие);<br>- Фигури од хартија (оригами, хартиени украси) - V одд. (второ полугодие)<br>➢ **<u>Во предметна настава:</u>**<br>-Запознавање на религиите - VI одд.;<br>-Проекти од информатика - VII одд.;<br>-Програмирање - VIII одд.;<br>-Проекти од ликовната уметност - IX одд.;<br>-Избор на редовен втор странски јазик<br><br>Училиштето нуди изборни предмети кои можат да ги изберат учениците. Доказ за тоа се резултатите од спроведената анкета кај учениците, во која истите позитивно се изјаснуваат и сметаат дека постапката за избор на наставни предмети во целост се применува со доследно почитување на потребите и барањата на учениците<br><br>**<u>Планирање на активности за реализација на слободните часови/ проектните активности на училиштето</u>**<br><br>Во училиштето се реализираат следниве проекти:<br>-Меѓуетничка интеграција во образованието - ПМИО, МИМО, подржан од МЦГО, МОН, УСАИД;<br>-Математика со размислување - БРО; |

| | |
|---|---|
| | -Јазична писменост - БРО;<br>-Училиште без насилство - УНИЦЕФ, МОН;<br>-Антикорупциска едукација на ученици во основното образование - БРО;<br>-Зајакнување на демократската клима во училиштето.<br><br>Во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО, МИМО) се вклучени сите субјекти на воспитно-образовниот процес: родителите, учениците и наставниците. Со тоа наствниците ги вградија целите на интегрираното образование во своите годишни планирања. Исто така, планирани се и реализирани самостојни и заеднички активности во кои активно учество зедоа наставниците, родители и ученици од различен социјален и економски статус. Училиштето има партнер училиште и тоа ООУ „Кирил и Методиј" - Канатларци, Прилеп  со кое  реализира активности  како дел од ПМИО и МИМО. Изготвените апликации (2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022, доставени до МОН) и добиената висока оценка од комисијата при Министерството за образование и наука, се добар показател дека нашето училиштето заедно со партнер училиштето дава голем придонес за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција и толеранција, мултикултурализмот и интеркултурализмот.<br>Аспектите на мултикултурното учење промовираат мултикултурализам, но истовремено поттикнуваат развивање на позитивен културен идентитет. Секако дека идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку взаемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали.<br><br>Математика со размислување и Јазична писменост - БРО се реализираат во одделенска настава.<br><br>Проектот за намалување на насилството во основните училишта во нашето училиште продолжува преку разновидни активности: ликовни и литературни конкурси, изложби, телевизиски емисии, презентации и истакнување на плакати.<br><br>Во училиштето се реализира и Антикорупциска едукација на ученици во основното образование - БРО. Се изготвува акционен план и реализацијата на активностите се вршат во тековната година. |

| | |
|---|---|
| | Во учебната 2020/21 и 2021/22 година, училиштето во согласност со приоритетната цел за Зајакнување на демократската клима во училиштето, во месец ноември, низ различни активности реализираше отворен ден. |
| **1.2. КВАЛИТЕТ НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** | |
| **Извори на податоци** | |
| **►Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Концепција за основно образоавание** | **<u>Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала</u>**<br><br>Родовата перспектива во образованието претставува позитивна, афирмативна акција со која се обезбедуваат услови за порамноправно, поуспешно и поефективно образование за сите со обезбедување и реализација на родово сензитивни наставни содржини. Еден дел од овие наставни содржини училиштето ги планира и реализира во програмата за часот на одделенската заедница според програмата „Образование за животни вештини“. Во контекс на тоа најмногу треба да се работи во подигнување на свеста кај учениците дека не постојат „машки“ и „женски“ професии и етничка и социјална подвоеност, да се афирмираат и поттикнат да ја бараат својата идна професија според личните способности, а не според припадноста на полот и етничката припадност.<br><br>**<u>Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала</u>**<br><br>Наставните планови и програми преку новите наставни содржини и новите поставени цели доста добро го помагаат и личниот и општествениот развој на сите ученици без разлика на родовата, социјалната и етничката припадност со ставање акцент на:<br>- јакнење на самодовербата;<br>- секојдневна соработка;<br>- меѓусебно договарање;<br>- разрешување на конфликтите на најсоодветен начин. |

**Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**

При изработката на Годишните наставни програми по предмети и при изработката на Годишната програма за работа на училиштето, акцент се става на интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала. Реализацијата на овие интеграции се врши со посета на научни, производствени и образовни институции: музеи, посета на археолошки локалитети, екскурзии и др., а сите овие активности им овозможуваат на учениците посликовито да ги осознаат новите содржини и поими кои се среќаваат во новите наставни програми и за остварување на поставените образовни цели.

Учениците се вклучени и во повеќе проектни активности според нивните интереси и желби во рамките на слободните часови.

Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала и тоа:

- Посета на изложби, музеи, театар, спомен куќата на Блаже Конески;
- Соработка со МВР (се одржуваат предавања од страна на сообраќајната полиција за правилно и безбедно движење во сообраќајот);
- Посета од страна на стручни медицински лица и стручни предавања од стоматолог;
- Соработка со НВО и предавања од областа на демократијата и сл.

**Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат во текот на учебната година. Наставниците ги почитуваат тие насоки и меѓупредметните цели ги реализираат со помош на активности кои ги планираат во своите годишни и тематски планирања и кои придонесуваат за: јакнење и развивање на самодовербата, развивање на иницијативноста, стекнување на одговорноста;, почитување на различноста и основните човекови права, јакнење на свеста на учениците за припаност во мултикултурно општество и сл.

| | |
|---|---|
| | Реализираните активности придонесуваат за јакнење и развивање на самодовербата кај учениците и развивање на вештините за иницијативност и решавање проблеми во рамките на сите наставни предмети. Учениците се вклучени во проектни активности, истражувачки задачи и работилници по различни наставни предмети преку кои кај нив се развива чувство за тимска работа, меѓусебна соработка и преземање иницијатива за разрешување на проблемски ситуации. Наставните програми овозможуваат кај учениците да се поттикне свеста и критичкото размислување, како и чувството за одговорност за задачите што треба да ги исполнуваат и целосно да ги извршуваат. Учениците добиваат повратна информација за нивната работа и притоа се посочуваат аспектите на кои во иднина треба да се посвети дополнително внимание. Истовремено, преку наставните програми учениците учат да ја почитуваат различноста, се запознаваат со своите права, како и со своите обврски и одговорности кога станува збор за почитување на основните човекови права на другите. Кај нив се јакне свеста за припадност на РС Македонија како мултикултурно општество и се запознаваат со традицијата, обичаите и религиите на сите етнички заедници што живеат во нашата држава.<br><br>**<u>Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми</u>**<br><br>Тимот кој работи во подрачјето „Наставни планови и програми“ во рамките на тимот за самоевалуција и подобрување на квалитетот на работата на училиштето, спроведе анкети за родители за да се идентификува нивното мислење, задоволство и прифаќање на наставните планови и програми според кои учат нивните деца. Родителите се запознати со наставните планови и програми по сите наставни предмети, нивните цели и содржини. |

## 1.3. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

| Извори на податоци | |
|---|---|
| **►Вонnаставни активности**<br><br>**►Планирања на слободни ученички активности и дневници за работа**<br><br>**►Планирање и реализација на проектни активности**<br><br>**►Потполнета апликација за меѓуетничка интеграција во образованието**<br><br>**►Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари**<br><br>**►Програма за ученички парламент и ученичка заедница** | **<u>Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности</u>**<br><br>Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Во училиштето се  планираат и реализираат слободни ученички активности, и тоа: спортска, литературно-рецитаторска, драмска и математичка секција. Во истите, подеднакво се застапени и машките и женските во зависност од нивните интереси и психо-физичките способности. Во училиштето се реализира програма за хор. Поради малиот број на ученици, истите ученици учествуваат во две, па и повеќе воннаставни активности. Преку овие активности се прошируваат и продлабочуваат знаењата и ставовите на учениците.<br>Во учебната 2020/21 година, поради ковид состојбата, воннаставните активности се реализираа со нешто понамален интензитет, но нивното инплементирање во секојдневниот ученички живот во текот на учебната 2021/22 година повторно се интензивира, согласно пропишаните здравствени протоколи.<br>Учениците во училиштето се организираат на ниво на училиште сочинувајќи, ја Училишната заедница, и на ниво на паралелка - во заедница на паралелката. Задачите на заедницата на паралелката се да одлучува за прашања поврзани со учењето, престојот во училиштето, меѓусебните односи, како и за односите со возрасните во училиштето. Претседателите на заедниците на паралелките го сочинуваат Ученичкиот парламент. Во училиштето, исто така, се избира и ученички правобранител, чија улога е да се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Согласно законските одредби се избираат и ученици кои присуствуваат на седниците на училишниот одбор и наставничкиот совет.<br>**<u>Опфатеност на учениците со воннаставните активности</u>**<br><br>Ученици се вклучени во воннаставни активности кои придонесуваат за нивниот личен и социјален развој, а истите се во согласност со интересите, способностите, мотивацијата на учениците, како и можностите и условите на |

училиштето. Нашето училиште ги идентификува образовните потреби на учениците и според тоа наставниците ги планираат и реализираат воннаставните активности во кои се вклучуваат учениците кои ја совладуваат програмата и чувствуваат потреба за проширување на своите знаења, односно, ученици кои се подготвуваат за општински, регионални и републички натпревари.

Училиштето и наставниците даваат голема подршка на учениците за учество во разновидни манифестации и воннаставни активности.

**Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на воннаставните активности**

Учениците имаат значајна улога во подготвувањето на програмите за реализација на воннаставните активности. Преку воннаставните активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги дополнуваат своите знаења. Овие активности даваат можност учениците да се истакнат во некоја област, со што се зголемува нивното искуство и се подобрува нивната лична благосостојба.

Резултатите од спроведената анкета покажуваат дека најголем дел од испитаниците позитивно се изјасниле за вклученоста на учениците при изборот и учеството во воннаставните активности по сопствен избор.

**Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво.

Придобивките од воннаставните активности се многубројни: соработка, другарување, лична надоградба и усовршување во одредена област, зголемување на самодовербата и натпреварувачкиот дух на учениците, стекнување на дипломи и благодарници за вложен труд и постигнати резултати.

За афирмирање на воннаставните активности и на постигнатите резултати од нив се користи веб страната на училиштето и на општината.

| **Собирање на податоци (пр: прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета на наставници** | **Наставници Стручна служба** | Анкетирани се 30 наставници, (7м, 23ж) сите македонци. Наставниците во целост ги применуваат наставните планови и програми и истите се достапни од МОН и БРО за изработка на Годишните тематски планирања. Наставниците свое позитивно мислење дадоа дека училиштето врши избор на изборни предмети според интересите и потребите на учениците и спроведениот анкетен прашалник (во месец мај), практикуваат интегрирана настава, користат разновидни форми и методи, употребуваат ИКТ во наставата (99%) и се води грижа за индивидуалниот напредок на секој ученик (98%), постои еднаков правичен третман, грижа за професионалниот развој(100%), како и почитување на кодексите во училиштето. |
| **Анкета на ученици** | **Наставници Стручна служба Ученици** | Во училиштето анкетирани се 30 ученици (15м, 15ж) сите македонци. Добиените одговори на учениците се позитивни и тоа во 100% - училиштето му помага да стекнат поголема самодоверба и знаење, а предавањата се јасни. Наставниците ги почитуваат учениците, добро се соработува и подеднакаво се грижат за сите ученици, а наставните планови и програми (99%) се достапни за сите. Училиштето во целост, 100%, се грижи за безбедноста и здравјето на учениците во училиштето, учениците го сакаат своето училиште и тука се чувствуваат сигурни. Наставниците, 99%, редовно ги информираат за новите наставни планови и програми. Училишиот парламент во целост се залага за активен социјален живот и сите ученици ја подржуваат меѓуетничката интеграција и ги практикуваат сознанијата за мултикултурното учење. |
| **Анкета на родители** | **Наставници Стручна служба Родители** | Анкетирани се 30 родители (15м, 15ж) сите македонци. Родителите низ анкетата, 99% од нив, се изјасниле дека секогаш се запознаени со наставните планови и програми кои ги реализира |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето, а наставата и часовите во училиштето ги поттикнувааат учениците да учат. За реализацијата на наставата 98% се изјасниле дека е квалитетна, редовно се информирани за изборот на изборни предмети, учествуваат во промовирање на мултикултурализмот, секогаш редовно се информирани, а исто така, 100%, се изјасниле дека училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците. |

**Резултати:  Овде треба накратко се образложени клучните јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Наставниот план и наставните програми се реализираат во целост;
- Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и вонннаставни активности;
- Училиштето во целост ги реализира проектите по повеќе наставни предмети;
- Уредно се води ученичко портфолио за секој ученик;
- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот;
- Вонннаставните активности имаат посебно место во воспитно-образовниот процес, при што се води сметка да бидат опфатени сите ученици според личните определби, можности и афинитети.

**Слабости**

- Оптовареност на учениците со голем неделен фонд на часови и со обемни содржини по наставните предмети;
- Едукација на наставниот кадар и стручните соработници за работа со ученици со ПОП - инклузија;
- Училиштето е во процес на формирање на спортски  клуб.

| |
|---|
| **Анализа на резултатите: Овде е дадена подетална евалуација на ова подрачје** |
| Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем во ООУ „Круме Волнароски - Тополчани". Наставниците својата основна дејност ја насочуваат, преку планирањата: годишни / глобални, тематски и дневни подготовки или долгорочни, среднорочни и краткорочни оперативни планирања, а во нив вклучуваат содржини со примена на ИКТ, планираат активности преку ПМИО-МИМО (интегрирани часови), како и еколошки соодржини. Училиштето редовно ги информира учениците и родителите за измените во наставните планови и програми, и притоа уредно спроведува избор на изборни предмети. Со изработката на брошурата дава краток осврт на својата дејност. Придржувајќи се на Законот за основно образование и Законот за наставници и стручни соработници, училишето ја планира Годишната програма за работа, а во тој контекст и сите активности (задолжителна настава, изборна настава, воннаставни активности, работата на стручните тела и органи). Во училиштето сите субјекти редовно ја применуваат информатичката технологија, а при тоа наставниците го оплеменуваат наставниот час со примена на современи форми и методи. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во развојната програма за работа на училиштето** |
| • Обезбедување на континуиран професионален развој на наставниот кадар;<br>• Набавка на нагледни дидактички средства за квалитетна настава;<br>• Обуки за наставици и стручни соработници за работа со ученици со ПОП - инклузија;<br>• Интензивирање на постапката за Формирање на спортски клуб. |

**Подрачјето 1 - „Наставни планови и програми" го изработија: Катерина Наумоска, Билјана Костоска, Марија Грижоска и Цена Ангелеска**

## 2. ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **2.1. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазикот на кој се реализира наставата по наставни предмети и според квалификациони периоди и резултати од проверување;<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците;<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби;<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава;<br>• Следење на хоризонтално и вертикално движење;<br>• Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците . |
| **2.2. ЗАДРЖУВАЊЕ / ОСИПУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** | • Опфат на ученици;<br>• Редовност во наставата;<br>• Осипување на ученици;<br>• Премин на ученици од едно во друго училиште. |
| **2.3. ПОВТОРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** | • Ученици што не ја завршуваат годината. |

## 2.1. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Извори на податоци**

**►Закон за основно образование**

**►Училишни извештаи**

**►Годишна програма за работа на училиштето**

**► Извештаи од стручна служба**

**►Споредбени анализи**

**►Евидентни листови за напредокот на учениците**

**►Записници од Наставнички совет и одделенски совети**

**► Записници од стручни активи**

**►Анкети со наставници, родители и ученици**

**►Споредбени прегледи од резултати од оценувањето**

**Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазикот на кој се реализира наставата по наставни предмети и според квалификациони периоди и резултати од проверување**

Постигнувањата на учениците, во нашето училиште се следат по класификациони периоди, наставни предмети, полова припадност, јазикот на кој се реализира наставата и по одделенија за секоја учебна година. Со тоа училиштето врши споредување на резултатите на постигнувањата по различни одделенија, наставни предмети, пол, поведение за секоја учебна година, споредување и анализирање на годишните извештаи.

Постигнувањата на учениците по наставни предмети по полова припадност се приближно еднакви, а учениците подеднакво покажуваат интерес за вклучување во воннаставните активности.

**Постигнувањата на учениците во последните три учебни години:**

| Учебна година | Среден успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | **IV- IX** |
| 2019/2020 | 3.91 | 4.49 | 3.93 | 3.79 | 3.59 | 4.32 | 3.99 |
| 2020/2021 | 4.14 | 4.07 | 4.27 | 3.72 | 3.95 | 4.14 | 4.02 |
| 2021/2022 | 4.26 | 4.34 | 3.29 | 4.22 | 3.75 | 4.30 | 3.95 |

**► Разговор со стручна служба**

**► Програма за додатна и дополнителна настава**

**► Програма за оценување**

**► Акционен план за следење на планирањето за примена на стандардите на оценување на учениците од предметна настава**

**► Споредбена анализа**

**► е-дневник**




Од табеларниот приказ може да се заклучи дека средниот успех по години и одделенија при ООУ Круме Волнароски - Тополчани е во корелациски однос со мали одстапувања.

**<u>Подобрување на постигнувањата на учениците</u>**

Поддршката што ја добиваат учениците се рефлектира низ целокупниот воспитно - образовен процес. Таа, својата динамика ја добива низ редовната, изборната, дополнителната и додатната настава, како и низ воннаставните активности. Поттикнувањето и мотивацијата се постојано присутни низ односот ученик – наставник, а за целокупната работа, јавно и транспарентно, се информирани родителите. Училиштето превзема низа активности во однос на поддршката на учениците и тоа: грижа за здравјето, едукативни предавања за заштита од болести, работилници за развој на ментално и социјално здравје и сл. Исто така, училиштето има изработено програма за поддршка на ученици со потешкотии во учењето и со емоционални проблеми.

За учениците кои потешко напредуваат се реализира дополнителна настава. Целта на реализацијата на дополнителната настава е да се подобрат постигнувањата и да се прошират сознанијата за науката на истите. Наставниците влијаат врз учениците нивните постигнувања да се подобрат низ секојдневното следење, задавање на домашна работа, давајќи повратна информација (усна и пишана) и сл.

За постигнувањата на учениците родителите редовно се информираат на родителски средби (заеднички или индивидуални средби), преку евидентни листови за успех и поведение на учениците, како и преку електронскиот дневник.

За подобрување на постигнувањата на учениците, наставниците применуваат различни активни форми и методи на работа, како и креативни техники во наставата. Со тоа часовите се поинтересно организиртани, а комуникацијата е поголема. При оценувањето на учениците се настојува примена на поголема транспарентност, формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност.

**Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**

Учениците кои имаат потешкоти во учењето се сладат низ часовите на редовната настава и дополнителната настава. За оние ученици кои се истакнуваат со својот успех училиштето му овозмозува да следат додатна настава, при што ги прошируваат знаењата во зависност од областа. На стручните активи се разговара за подобрување на методите за работа кои ќе се одразат позитивно врз постигањата.

Наставниците ги идентификуваат учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и оние со емоционални потешкотии и изградуваат индивидуален пристап кон нив со цел да се подобрат нивните знаења во наставата низ континуирано следење во текот на една учебна година. За оние ученици кои се истакнуваат со своите постигнувања по одредени наставни предмети се реализира додатна настава.

| | |
|---|---|
| **►Главни книги**<br><br>**►Одделенски дневници**<br><br>**►Евидентни листови за описно оценување**<br><br>**►Ученички досија**<br><br>**►Програма за стручен актив - одделенска настава**<br><br>**►Програма за стучен актив - предметна настава** | **<u>Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава</u>**<br><br>Примената на активни наставни методи, форми и техники овозможува реализација на современа настава која ги почитува индивидуалните способности на учениците и ги поттикнува да користат дополнителна литература, информации од интернет и сл. Подобрување на постигнувањата на учениците се остварува и преку организирање и реализирање на дополнителна настава за ученици кои од различни причини постигнуваат послаби резултати, како и додатна настава и воннаставни активности за проширување на знаењата, интересите и способностите на учениците.<br>Од следењето на постигнувањата на учениците низ полугодишните и годишните извештаи може да се констатира дека успехот е во корелативен сооднос. Постигнувањата на учениците се презентираат на највисоките органи и тела во училиштето и претставуваат значаен податок на животот и работата на сите субјекти во него.<br><br>**<u>Следење на хоризонтално и вертикално движење</u>**<br><br>Хоризонталното и вертикалното движење, успех, редовноста и поведението на учениците, се следи секојдневно од страна на наставниците и низ класификациони периоди од страна на стручната служба и директорот. Врз основа на извештаите се врши споредбена анализа. Добиените податоци од направената анализа, од стручен аспект, се разгледуваат и на стручните активи. |
| **►Програма за реализација на ПМИО/МИМО активности** | **<u>Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците</u>**<br><br>Со реализацијата на заедничките и самостојните работилници во училиштето според Проектот за меѓуетничка интеграција се зајакнуваат интеркултурните компетенции кај учениците од второ до деветo одделение. Тоа се одвива низ редовната настава - програма ОЖВ и воннаставните активност низ подрачјата за мултикултурно учење и тоа: |

<table>
<tr><td></td><td>-промовирање на мултикултурализам;<br>-промовирање на човекови права, демократија, социјална праведност и еднквост;<br>-намалување на стереотипи, предрасуди и дискриминација;<br>-решавање на конфликти.<br><br>Со партнер училиштето ООУ „Кирил и Методиј“ – Канатларци, нашето училиште ги подобри интеркултурните компетенции кај учениците, преку реализацијата на добиениот грант од МОН и тоа со работилниците:<br>-„Читаме, учиме, пееме и култура жнееме“;<br>-„Ксантика“;<br>-„Сонцето подеднакво да грее за сите деца“;<br>Исто така и преку реализација на работилница преку училишната заедница со ученици од VI до IX одделение на тема „Детските права“ со што беа застапени аспектите на мултикултурно учење.</td></tr>
<tr><td colspan="2">2.2. ЗАДРЖУВАЊЕ / ОСИПУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td>►Податоци и извештаи од стручната служба<br><br>►Податоци од одделенски раководители<br><br>►Одделенски дневници<br><br>►Програма за советување на родители и главна книга<br><br>►Програма за работа и Извештај за работа на училитето</td><td><u>Опфат на ученици</u><br><br>Уписот на учениците во прво одделение секогаш се реализира во месец мај. Во согласност со добиените податоци од ДПИ ЕЛС - Локална самоуправа Прилеп се идентификуваат потенцијалните ученици според местото на живеење (реонот), а потоа се преземаат активности - испраќање покани до родителите. Со запишувањето се издвојуваат податоци за семејството и подготвеноста на ученикот.<br>Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава и навремено превзема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците. Соработката со родителите е редовна и континуирана и бележи тренд на подобрување.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **►Списоци на деца од реонот на училиштето**<br><br>**►Известувања од МОН и ДПИ**<br><br>**►Интервју со стручната служба**<br><br>**►Извештај за осипување** | **<u>Редовност во наставата</u>**<br><br>Учениците во нашето училиште редовно ја посетуваат наставата. Изостаноците пред се се базираат на оправдано одсуство поради болест.<br><br>**<u>Осипување на ученици</u>**<br><br>Осипувањето на ученици е присутно во нашето училиште во мал обем. Мал број на ученици од различни причини го напуштаат нашето училиште (преселба во град, заминување во странство и сл.) меѓутоа значајно да се напомене дека поради одсуство на програма за реонизиција поголем број наши ученици се запишуваат во други училишта, пред се, поради одлуките на родителите.<br><br>**<u>Премин на ученици од едно во друго училиште</u>**<br><br>При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за редовно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот. |

## 2.3. ПОВТОРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| **► Увид во педагошка евиденција и документација**<br><br>**►Записник од наставнички совет**<br><br>**►Годишен извештај за работа на училиштето** | Во периодот од четири учебни години не се забележани податоци дека учениците ја повторуваат учебната година. |

| Собирање на податоци (пр: прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета на наставници** | **Наставници Стручна служба** | Анкетирани се 30 наставници (7м и 23ж) сите македонци. Од анкетираните наставници 13 се во одделенска настава (2м и 11ж), а во предметна настава се 17 наставници (5м и 12ж). Од анализата на анкетниот прашалник може да се констатира дека постигањата на учениците, наставниците во целост (100%) и редовно ги следат низ класификациони периоди. Оценувањето е според вградените стандарди и критериуми, и истото е јавно и транспарентно. Редовно се реализира дополнителна или додатна настава. |
| **Анкета на ученици** | **Наставници Стручна служба Ученици** | Анкетирани се 30 ученици од различни одделенија (15м и 15ж). Според дадените одговори, 95% од учениците, укажаа дека во училиштето оценувањето е реално и истото континуирано се спроведува со почитување на мислењето на секој ученик и по критериумите и стандардите по сите наставни предмети, како во одделенска, така и во предмтна настава. Оценувањето се базира на принципот на правичност и еднаквост и секогаш учениците добиваат насоки за подобрување на успехот. Учениците (98%) укажале дека секогаш добиваат насоки за изработка на домашните задачи. |
| **Анкета на родители** | **Наставници Стручна служба Родители** | Анкетираните 30 родители (15м и 15ж) кои ги дадоа следниве резултати: 99% од родителите се изјасниле дека секогаш се известени за успехот на нивното дете и дека добиената оценка е според стандардите и критериумите. Исто така, 97% од родителите се изјасниле дека редовно се реализира дополнителна настава кај оние ученици кои имаат потешкотии во усвојувањето на наставните содржини. Родителските состаноци се значајни и добро организирани. Родителите (100%) сметаат дека целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. |

| **Резултати: Овде треба накратко се образложени клучните јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Континуирано следење и вреднување на постигнувањата, успехот кај учениците;<br>• Редовно информирање на учениците и родителите за постигнатите резултати;<br>• Почитување на индивидуалните карактеристики на учениците;<br>• Постигнувањата на учениците е во корелација низ неколку учебни години;<br>• Континуирано зајакнување на интеркултурните компетенции кај учениците, наставниците, родителите... |
| **Слабости**<br>• Потреба од нагледни средства и дидактички материјали (медиотека и кабинет за природните науки);<br>• Поголема едуцираност на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со ПОП како и други обуки што се дел од професионалниот развој. |

| Анализа на резултатите: Овде е дадена подетална евалуација на ова подрачје |
|---|
| Напредокот и постигнувањата на учениците (формативно и сумативно) секој наставник го следи и вреднува со почитување на индивидуалните способности, ставови и вредности во секоја учебна година.<br>Постигнувањата на учениците во нашето училиште се следи и утврдува низ класификациони периоди во секоја учебна година и истите се евидентираат и документираат. Постигнувањата на учениците се прошируваат преку вонnаставните активности, користење на додатна литература и интернет, дополнителна настава, потоа примена на активни методи и форми на работа, на тој начин што се изградува ликот на ученикот во сестрана личност. Постигнувањата на учениците, согледувајќи го низ нивниот среден успех (на ученик, одделение, училиште) е на задоволително ниво и следено во изминатите неколку години се движи во корелациски соодност со блага тенденција на пораст. Постигнувањата на учениците се следат, документираат низ класификациони периоди, на одделенски и наставнички совети и истите јавно се презентираат на индивидуални родителски средби, Совет на родители, Училишен одбор, Училишна заедница и Ученички парламент. Во нашето училиште нема ученици кои ја повторуваат учебната годината. Од спроведените анкетни прашалници кај наставниците, учениците и родителите се увидува дека сите наведени субјекти се задоволни од постигањата и успехот на учениците. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во развојната програма за работа на училиштето** |
| • Обезбедување на средства за обуки за наставниците и стручните соработници, како дел од професионалниот развој;<br>• Обезбедување на материјални средства за набавка на нагледни средстава и технички помагала по наставни предмети. |

**Подрачјето 2 - „Постигнувања на учениците“ го изработија: Каролина Подигачоска, Марија Јанкулоска, Цветанка Кузманоска Рипилоска и Христина Мојаноска.**

## 3. ПОДРАЧЈЕ 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

| Индикатори за квалитет<br>Оддели во рамките на подрачјето: | Т е м и: |
|---|---|
| **3.1. ПЛАНИРАЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ** | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците;<br>• Индивидуални планирања на наставниците;<br>• Размена на искуства и информации при планирањето;<br>• Распоред на часови. |
| **3.2. НАСТАВЕН ПРОЦЕС** | • Наставни форми и методи;<br>• Употреба на ИКТ во наставата;<br>• Избор на задачи, активности и ресурси;<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците;<br>• Приодот на наставникот кон учениците;<br>• Следење на наставниот процес. |
| **3.3. ИСКУСТВА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД УЧЕЊЕТО** | • Средина за учење;<br>• Атмосфера за учење;<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност;<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето. |
| **3.4. ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** | • Идентификување на образовните потреби на учениците;<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата. |
| **3.5. ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ДЕЛ ОД НАСТАВАТА** | • Училишна политика за оценување;<br>• Методи и форми на оценување;<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата. |
| **3.6. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАПРЕДОКОТ НА УЧЕНИЦИТЕ** | • Известување на родителите за напредокот на учениците. |

## 3.1.ПЛАНИРАЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ

| Извори на податоци | |
|---|---|
| **►Годишна програма за работа**<br><br>**►Годишни, тематско-процесни планирања**<br><br>**►Долгорочно, среднорочно, краткорочно планирање**<br><br>**►Евидентен лист за следење на квалитетот на планирањето**<br><br>**►Извештај од следени часови од директорот, педагогот, социологот**<br><br>**►Програми за работа на стручни активи, одделенска и предметна настава**<br><br>**►Записници од состаноци на стручни активи**<br><br>**►Докази за обуки за online** | **<u>Поддршка и следење на планирањата на наставниците</u>**<br><br>Планирањата се најзначајниот дел од работата на наставниците, со што наставата добива тек за реализација на сите активности. Реализацијата на наставата се следи и евидентира од страна на директорот, раководителот на ППУ и стручната служба, и истата се вреднува и унапредува. Со следењето на планирањата на наставниците се развива систем за подршка на наставниците во однос на квалитетот и содржината на истото. Подршката на наставниците за изработка на квалитетни планирања (глобални/долгорочни, тематски/ среднорочни и оперативни/краткорочни) е континуирана, а се следи преку работата на активите и тоа во одделенска и предметна настава. Исто така, мора да се нагласи дека се обезбедува подршка за вградување на целите на интегрираното образование. Во почетокот на настанатата вонредна состојба со КОВИД 19 и прекинот на наставата, планирањата на наставниците добијаа нова димензија со прилагодување за реализација на online настава. Таа се реализираше со помош на: Google Drive, Google Clasroom, MS Teams, ЕДУИНО порталот и други платформи. Наредната учебна година, поради малиот број на ученици, наставата се реализираше со физичко присуство,а дел од планирањата беа изработени според новата концепција.<br><br>**<u>Индивидуални планирања на наставниците</u>**<br><br>Наставниците ја планираат редовната, дополнителната и додатната настава, како и воннаставните активности, односно оние кои се реализираат низ слободните ученички активности. На крајот од учебната година се даваат извештаи / коментари за реализираното.<br>Секој наставник подготвува оперативно планирање за наставен час кое е |

| | |
|---|---|
| **настава** | поткрепено со годишни и тематски процесни планирања, односно долгорочни и среднорочни, и истото ги содржи сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, вклучувајќи ги целите на наставата, очекуваните исходи, оценувањето, идентификувањето на потребите на учениците примената на ИКТ и сл. За учениците со ПОП наставниците изработуваат индивидуален образовен план и се раководат според истиот во текот на целата учебна година.<br>Наставниците своите планирања ги работат во рамките на стручните активи, и притоа настојуваат да користат дигитални содржини. Активностите на наставниците и на учениците се планирани за ефективно да се искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигање на очекуваните резултати.<br>За поуспешна реализацијата на МИО / МИМО активности, односно за реализација на заеднички работилници и размена на наставни материјали, наставниците од нашето училиште, своите планирања ги унапредија и во соработка со наставниците од партнер училиштето.<br><br>**<u>Размена на искуства и информации при планирањето</u>**<br><br>Наставниците во одделенска настава панирањата секогаш ги изготвуваат на стручан актив каде разменуваат свои искуства и секогаш тоа се одвива според насоките добиени од МОН и БРО. За разлика од нив, секој предметен наставник своето планирање го изработува според наставната програма и насокети дадени од советниците од БРО.<br>Во однос на ПМИО, МИМО заедничките активности со партнерското училиште се реализираат низ редовната настава и воннаставните активности. Краткотрајните воннаставни заеднички активности се рефлектираа низ: гостувања и меѓусебни посети, полуматурска прослава, забави од социјални културни настани, настани од заедницата и општината, работилници...<br>Подолготрајни воннаставни заеднички активности кои се реализираа со ученици беа: мултикултурни работилници кои беа реализирани „лице в лице“, но и со помош на компјутерска посредувана комуникација. Реализација на спортски ученички активности се одвива за време на патроните празници и други спортски активности во нашето училиште. Зедничките наставни активности се реализираа |

| | |
|---|---|
| | низ заеднички часови по ФЗО, англиски и германски јазик, ликовна уметност, македонски јазик, а во одделенска настава по општество, музичко образование и ФЗО. Самостојните мултикултурни работилници се реализираа во рамките на редовната настава преку програмата „Образование за животни вештини“. Мултикултурните активности вклучуваат мултикултурно учење каде учениците развиваат одредени вредности и вештини за меѓуетничка интеграција. Реализацијата на ОЖВ се одвиваше на час од одделенската заедница, а низ редовната настава и вонаставните активности се вклучуваат теми од мултикултурно учење.<br>**Распоред на часови**<br><br>На почетокот од секоја учебната година училиштето редовно изработува распоред на часови. Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава и истиот се реализира според предвидената динамика. |
| **3.2. НАСТАВЕН ПРОЦЕС** | |
| **Извори на податоци** | |
| **►Следење на наставниот процес**<br><br>**►Инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час (директор, стручната служба, раководител на ППУ с.Старо Лагово**<br><br>**►Записници од посета на часови од страна на директорот** | **Наставни форми и методи**<br><br>Низ секодневната училишната практика наставниците при реализацијата на наставата користат различни наставни форми, техники и методи почитувајќи ги интересите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците користат и добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. При реализацијата на наставата редовно се користи компјутерската опрема, бидејќи низ редовната настава секој во своето планирање во зависност од вкупниот број на часови има вклучено 30% примена на ИКТ.<br><br>**Употреба на ИКТ во наставата**<br><br>Во училиштето има добри услови за примена на ИКТ во наставата. Истото располага со доволен број на таблети, лаптопи, Смарт табли и ТВ приемници кои активно се користат и во одделенска и во предметна настава. |

| | |
|---|---|
| **►Записници од посета на часови од страна на стручната служба**<br><br>**►Годишни, тематско-процесни планирања**<br><br>**►Дневни планирања**<br><br>**►Професионално досие на наставник**<br><br>**►Евиденција на слободните активности** | **<u>Избор на задачи, активности и ресурси</u>**<br><br>Задачите што се работат во училиште се планирани и поврзани со планирањето и работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите е приспособен на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература.<br><br>**<u>Интеракција меѓу наставниците и учениците</u>**<br><br>Наставниците и учениците секојдневно остваруваат соработка, интеракција (меѓуинтерактивен однос) базирајќи се на етичкиот кодекс на однесување на сите субјекти и почитување на куќниот ред и правата и обврските на учениците, наставниците, стручните соработници. Интеракцијата е позитивна на секој наставен час, воннаствни активности, училишна заедница пришто учениците се афирмираат на демократско учество.<br><br>**<u>Приодот на наставникот кон учениците</u>**<br><br>Приодот на наставникот кон учениците е врз изградена позитивна комуникација, принципите на толерантност, објективност, непристрасност, почитување на ликот на ученикот, половата разлика и сл.<br><br>**<u>Следење на наставниот процес</u>**<br><br>Следењето на наставниот процес е континуирано од страна на сите субјекти во училиштето. Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето е јасно и разбирливо соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците. Најголем број од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците |

| | |
|---|---|
| | и учениците. Комуникацијата меѓу наставниците, учениците, родителите и стручните соработници, се остварува на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Тоа обезбедува еднакви можности за учениците имајќи ги предвид нивните способности, пол, социјалното потекло. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови разлики и способностите што е одраз на професионалната педагошка етика.<br>Во училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во полугодие од директорот и стручните соработници.<br>Постои соработка и надополнување помеѓу наставниот кадар и административно – техничкиот персонал на училиштето. Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнати преку разни обуки и семинари. Во училиштето вработените ги извршуваат своите работни задачи и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар училиштето обезбедува соодветна замена. |

## 3.3. ИСКУСТВА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД УЧЕЊЕТО

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| **►Анкета за ученици**<br><br>**►Програма за работа и извештај од училишната заедица**<br><br>**►Општи родителски средби**<br><br>**►Записник од родителски средби** | **<u>Средина за учење</u>**<br><br>Училиштето и сите субјекти во него (родителите и наставниците, ученици) го доживуваат како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училишен простор е уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него со ПМИО, МИМО го отсликуваат мултикултурниот / мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето), почитувајќи естетски норми и истите редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење. |

| | |
|---|---|
| **►Записник од состанок на Совет на родители**<br><br>**►Анкети со наставници** | **<u>Атмосфера за учење</u>**<br><br>Училиштето со сите подрчни училишта има изградено позитивна атмосфера за работа. Учениците имаат активно учество во училишната заедница и ученичкиот парламент, каде со демократско учество имаат можност да го искажат своето мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и одлучувањето. Учениците иницираат активности и преземаат различни одговорности во училиштето (во и надвор од наставата). Учениците во училиштето низ организирани форми поттикнуваат соработка меѓу учениците, пришто се негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата.<br><br>**<u>Поттикнување на учениците за преземање одговорност</u>**<br><br>Низ редовната настава, изборната, дополнителната и додатната настава како и преку училишната заедница/парламентот учениците се поттикнуваат за одговорно и совесно однесување. Тоа се рефлектира низ процесот на учење, реализација на различни активности, како и помош на своето другарче. Со програмата на ОЖВ се афирмира воспитниот елемент во позитивна насока на изградување на ликот на ученикот.<br><br>**<u>Интеракција на учениците меѓу себе</u>**<br><br>Интеракцијата на учениците меѓу себе и другите особено кон наставниците и стручната служба е одлична и се базира на взаемна почит, соработка, добра комуникација и солидни интерперсонални односи. Во тој дел може да се акцентира и соработката на полето на размена на искуства и помош во учењето. |

## 3.4. ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

| Извори на податоци | |
|---|---|
| ►Анкета за ученици<br>►Анкети со наставници<br>►Анкета за родитрели | **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br><br>Училиштето има изградено политика за идентификување на образовните потреби на учениците (ИОП). Наставниот кадар и стручнатите соработници со почетокот на секоја учебна година систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Формиран е тим за инклузија кој ги следи овие задачи, се надополнуваат оние ученици кои имаат проблеми во учењето, емоционални проблеми и сл., а во контекст на тоа се превземаат активности за надминување на тие проблеми и за задоволување на нивните потреби. Голем број на наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники.<br><br>**Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br><br>Наставниците и стручните соработници ги идентификуваат потребите на учениците, па во процесот на учење и подучување користат различни интерактивни методи и техники со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу. Наставниците со својата креативност ја користат компјутерската технологија со што внесуваат ефективни иновации во работата и ја следат работата на секој ученик. |

## 3.5. ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ДЕЛ ОД НАСТАВАТА

| Извори на податоци | |
|---|---|
| ►Годишна програма за работа на училиштето<br>►Програма за следење на оценувањето<br>►Правилник за оценување и напредување на учениците | **Училишна политика за оценување**<br><br>Во ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, редовно ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи го етичкиот кодекс за оценување. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени. Секој наставник во своето планирање има вградено стандарди и критериуми за оценување и успешно го |

| | |
|---|---|
| ►**Стандарди за оценување**<br>►**Педагошка евиденција и документација**<br>►**Инструменти за оценување**<br>►**Записници од стручни активи**<br>►**Записници наставнички совет**<br>►**Анкети - родители, наставници, ученици**<br>►**Записници родителси средби**<br>►**Кодекс на училиштето**<br>►**Инструмент за следење и вредување на работата на наставникот** | спроведува во секојдневната практика.<br><br>**<u>Методи и форми на оценување</u>**<br><br>Низ редовната настава се користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано наставниците го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, формативно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.<br><br>**<u>Користење на информациите од оценувањето во наставата</u>**<br><br>Со оценувањето сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и истото им го приложуваат на родителите. Голем акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и на идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата. |

## 3.6. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАПРЕДОКОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| ►**Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>►**Програма за работа на Совет на родители**<br><br>►**Програма за индивудуални родителски средби** | **<u>Известување на родителите за напредокот на учениците</u>**<br><br>ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, редовно и континуирано соработува со родителите**.** Редовно ги известува родителите за напредокот на учениците. Тоа се одвива континуирано во тековната учебна година, низ индивидуалните средби како и на родителските средби. Со помош на ЕСАРУ и е-дневник родителите електронски се повикуваат и информираат за нивното дете. За време на патрониот празник се укажува за постигањата, учеството на натпревари и други манифестации и освоени награди на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. |

| **Собирање на податоци (пр: прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета на наставници** | **Наставници<br>Стручна служба** | Анкетирани се 30 наставници (7м и 23ж) од кои 13 наставници се во одделенска настава (2м и 11ж), а во предметна настава 17 (5м и 12ж). Од анализата на анкетниот прашалник наставниците укажаа дека во целост или 100% редовно користат разновидни форми, методи и техники во реализација на наставата и оценувањето. При реализацијата на наставата употребуваат ИКТ, почитувајќи ги потребите на учениците. Редовно ги известуваат родителите за напредокот на учениците. |
| **Анкета на ученици** | **Наставници<br>Стручна служба<br>Ученици** | Анкетирани се 30 ученици (15м и 15 ж). Добиените одговори од анкетниот прашалник во ова подрачје „Учење и настава“, укажуваат дека 95% од учениците се изјасниле дека наставниците редовно ги потикнуваат за работа и учење, и им помагаат како да ги решаваат проблемите. 96% од учениците се пофалени, потикнати и мотивирани за работа, добро соработуваат меѓу себе, а наставниот кадар ги поттикнува за учење и напредок. |
| **Анкета на родители** | **Наставници<br>Стручна служба<br>Родители** | Анкетирани се 30 родители од кои 15 мажи и 15 жени, а според добиените податоци при обработката на анкетниот прашалник 99% од родителите се изјасниле дека наставниците редовно користат разни форми, методи и техники, а применуваат и ИКТ при реализација на наставата, а 98% од родителите укажале дека навремено се информирани за напредокот на своето дете. Родителските состаноци се добро организирани и секогаш добиваат корисни информации. Училиштето ги идентификува образовните потреби на секое дете, а за вработените во училиштето, 98% од родителите укажале дека кон нив се љубезни. |

| Резултати: Овде треба накратко се образложени клучните јаки страни и слабости |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>• Со користење на разновидни форми, методи, техники се осовременува наставата;<br>• Училишна политика за оценување, методи, инструменти за оценување се одразува на корелациски среден успех;<br>• Интерните обуки, како и online обуките и вебинарите, ги подобрија професионалните компетенции од наставниците. |
| **Слабости**<br><br>• Потреба од поактивно користење на училишната веб страна каде училиштето ќе ги промовира свите постигнувања;<br>• Потреба од поголема вклученост на родителите во процесот на учење. |

| **Анализа на резултатите: Овде е дадена подетална евалуација на ова подрачје** |
| --- |
| Сите субјекти, носители на воспитно-образовниот процес, навремено и квалитетно ги изготвуваат планирањата, а при нивно изготвување секогаш разменуваат искуства. Распоредот на часовите е јавно достапен на учениците, наставниците, родителите, стручните соработници, директорот. При реализацијата на наставата наставниците користат разновидни форми, методи и техники, како и ресурси со кои располага училиштето, со јако позитивно нагласена интеракција. Приодот на следење на напредокот на учениците е секојдневен со што се развива добра атмосфера за работа и секојдневно поттикнување на учениците. Во тој дел значајно се почитуваат различните потреби на учениците со применување на различни методи и форми на оценување и истите јавно транспарентно се презентираат т.е. се известуваат родителите. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во развојната програма за работа на училиштето** |
| • Поактивно користење на училишната веб страна;<br>• Обуки за професионален развој;<br>• Подобрување на инфраструктурата на училишните објекти. |

**Подрачјето 3 - „Учење и настава“ го изработија: Зуграфка Николова Салатоска, Наташа Велкоска Амбарџиева, Валентин Ангелески и Билјана Талевска Беличанец.**

## 4. ПОДРАЧЈЕ 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **4.1. СЕВКУПНА ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ** | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди;<br>• Превенција од насилство;<br>• Заштита од пушење, алхохол и дрога;<br>• Квалитет на достапна храна;<br>• Поддршка на учениците со пречки во развојот / физичка попреченост;<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства. |
| **4.2. ЗДРАВЈЕ** | • Хигиена и заштита од болести;<br>• Грижа за ученици со здравствени проблеми;<br>• Грижа за ученици со емоционални потешкотии. |
| **4.3. СОВЕТОДАВНА ПОМОШ ЗА ПОНАТАМОШНО ОБРАЗОВАНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** | • Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување. |
| **4.4. СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците;<br>• Анализа на напредокот на учениците. |

## 4.1. СЕВКУПНА ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| **►Закон за основно образование**<br>**►Годишна програма за работа на училиштето**<br>**►Годишна програма за работа на директор, стручна служба, раководител на ППУ**<br>**►Годишна програма за спречување на училишно насилство**<br>**►Анкети за спречување на насилство: ученици, родители, наставници**<br>**►Извештај од спроведената анкета**<br>**►Програма за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми**<br>**►План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација**<br>**►Интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди-ризици (пожар,прва помош)** | **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br><br>Основна цел на секое училиште е преку воспитно - образовната работа ја акцентира грижата за секој ученик, обезбедувајќи му безбеден и рационален простор за изведување настава, истовремено и заштита од физички повреди и елементарни непогоди. Има пропишани процедури за обезбедување безбедна средина на ученици (знаци, правилник за постапување со пожари, елементарни непогоди, напомени, кодекси, интерен акт...) за постапување во случај на елементарни непогоди, несреќи како и поставени знаци за предупредување.<br>Со цел за да се обезбеди безбедна средина на секој ученик се извршија инфраструктурни зафати во училишните згради и тоа: во ЦОУ Тополчани поплочување на скалилото и холот, како и реконструкција на покривот и фасадата, во ППУ с.Старо Лагово - поплочување на холот и надворешните скали, а во ПОУ Ново Лагово реконструкција на подот и поплочување на холот. Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на ученици во случај на несреќни случаеви или други елементарни напогоди и има извршено обука на останатите за постапување во однос на појава на вакви случаеви. Училиштето за таа цел врши обука и симулација за заштита од пожари, и во секоја училишна зграда се поставени противпожарни апарати. Исто така, училиштето има интерен акт за постапување во однос на елементарни непогоди.<br><br>**Превенција од насилство**<br><br>Секоја учебна година, во контекст на Годишната програма, училишниот тим изработува програма за спречување и превенција од насилство и истиот има изготвено програма во која се дефинирани сите облици на насилство (со акцент |

| | |
|---|---|
| **►Записници од наставнички и одделенски совет**<br>**►Етички кодекс за однесување**<br>**►Етички кодекс за оценување**<br>**►Куќен ред во училиштето**<br>**►Досие на ученик**<br>**►Социјална анамнеза на ученици во социјален ризик**<br>**►Извештај од санитарната инспекција и Завод за здравствена заштита – Прилеп**<br>**►Дневник за работа на стручната служба**<br>**►Записници од реализирани работилници**<br>**►Предавања од областа на здравјето (социјално, ментално, здравствено)**<br>**►Записници од родителски средби**<br>**►Евидентни листови, тестови за упис во прво одделение**<br>**►Пласирани валидни информации од страна на службата и директорот до медиуми**<br>**►Записници од** | на дефинирање на психичкото, физичкото и сексуалното насилство). Врз основа на таа програма се реализираат едукативни предавања на одредени теми, а сето тоа се прави интегрирано со програмата и содржините од ОЖВ.<br><br>**<u>Заштита од пушење, алхохол и дрога</u>**<br><br>Училиштето има своја политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и наркотични средства. Истата се практикува со поставување на знаци за предупредување и наредби по ходниците, училниците, канцелариите, тоалетите и училишниот двор.<br>Во училиштето се обезбедува добра атмосфера за работа, почитување на етичките кодекси за однесување на сите субјекти носители на воспитно-образовниот процес, како и со примена на етичкиот кодекс на оценување како важен сегмент на едукацијата. Со тоа вработените ја знаат и ја манифестираат својата одговорна улога во процесот на заштита на детето и му приоѓаат со голема чувствителност, водат индивидуални разговори со ученици и се грижат за нивните права и достоинство.<br>На учениците кои имаат емоционални, физички и социјални проблеми, училиштето им помага низ воспоставена процедура. За такви индивидуални случаеви и во случај на појава на насилство, за навремено и непристрасно негово разрешување, училиштето соработува и со институциите од локалната средина.<br><br>**<u>Квалитет на достапна храна</u>**<br><br>Училиштето низ едукативни предавања, реализација на трибини со ученици и родители, како и со интегрирани соодржини низ наставните предмети реализира соодржини за здрава храна и исхрана. Исто така, се води грижа за исправноста на водата за пиење која редовно се контролира преку Заводот за здравствена заштита. Во училиштето не се доставува храна за ученици. |

| | |
|---|---|
| **индивидуални разговори со: ученици, родители, наставници**<br>**►Програма за советување на родители (план, покани, записници)**<br>**►Процедура за грижа на ученици со телесни пречки во развојот**<br>**►Програма за помош на социјално загрозени семејства**<br>**►Програма за превенција од заразни болести**<br>**►Програма за хронично заболени, болни (подолго одсуство од настава)**<br>**►Податоци за редовност на ученици**<br>**►Потврди за примање на социјален, детски или образовен додаток** | **Поддрршка на учениците со пречки во развојот / физичка попреченост**<br><br>Во училиштето не се идентификувани ученици со физичка попреченост, односно, со телесни пречки во развојот. Сепак, следејќи ги насоките од МОН и ДПИ училиштето има изработено пристапни рампи во ЦОУ Тополчани и ППУ Старо Лагово.<br><br>**Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**<br><br>Училиштето низ својата воспитно-образовна дејност, приоритет дава на емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците. На тоа се надоврзуваат различни соодржини и активности низ редовната настава и воннаставните активности во кои се заштитува социјалното, ментално и физичко здравје, а истовремено се обезбедува здрава животна средина и соодветна грижа за благосостојба и заштита на своите ученици, без разлика на полот, вклучувајќи ги и оние ученици со потешкотии во развојот. Училиштето води грижа за ученици од социјално загрозени семејства обезбедувајќи им подршка преку организација и реализација на хуманнитарни акции во помош на облека и храна. За социјално загрозените семејства училиштето соработува со центарот за социјална работа, при што редовно го информира за редовноста на учениците. |

## 4.2. ЗДРАВЈЕ

| Извори на податоци | |
|---|---|
| **►Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Куќен ред во училиштето** | **Хигиена и заштита од болести**<br>Еден од најзначајните приоритети на училиштето е и одржување на хигиената во просториите и ходниците. Хигиената е на високо ниво, а тоа се постигнува со редовното чистење и дезинфицирање на училниците, тоалетите, ходниците, скалите и подовите. |

| | |
|---|---|
| **►Правилник за систематизација на работни места**<br><br>**►Записници од органите на училиштето**<br><br>**►Записници од надлежи организа за контрола на хигиената и здравјето на децата**<br><br>**►Педагошка евиденција и документација**<br><br>**►Записници од родителски средби, разговори со родители и ученици** | Училишните дворови, исто така, се одржуваат со редовно косење на тревната површина. Секаде се поставени корпи за отпадоци, а училиштето има програма за превенција од заразни болести. Поради состојбата со КОВИД 19, училиштето го има прифатено протоколот за редовно одржување на хигиената.<br>Училиштето има пропишаната процедура за хронично заболени или посериозно повредени ученици кои подолго отсуствуваат од настава, па во тој контекст, истото соработува со родителите, локалната заедница, здравствениот дом и центрите за социјална работа. Училиштето водејќи грижа за здравјето за секој ученик изготвува програма со едукативни предавања за превенција од пушење, алкохол и наркотични средства, заразни болести (корона вирус, кавасаки, жолтица, туберколоза и сл) и истите ги реализира во рамките на активностите од Училишната заедница и одделенскиот час.<br><br>**<u>Грижа за учениците со здравствени проблеми</u>**<br><br>Училиштето грижата кон учениците ја насочува и преку соработката со Здравствениот дом, преку редовни систематски стоматолошки и лекарски прегледи. Исто така, училиштето води грижа за сите субјекти вработени во него и еднаш годишно се врши систематски преглед.<br><br>**<u>Грижа за ученици со емоционални потешкотии</u>**<br><br>Следејќи го севкуниот развој на секој ученик индивидуално, низ редовната настава, кога ќе се идентификуваат ученици со емоционални потешкотии, секој наставник и стучната служба се грижат со совети, помош и подршка на овие ученици за што полесно да ги надминат овие емоционални проблеми. На овие ученици, на индиректен начин училиштето им овозможува едукација преку работилници и предавања. |

## 4.3. СОВЕТОДАВНА ПОМОШ ЗА ПОНАТАМОШНО ОБРАЗОВАНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

| Извори на податоци | |
|---|---|
| ►**Евидентни листови на ученици за упис во средно училиште**<br>►**Увид и разгледување на педагошката евиденцијата-работилници одделенски час**<br>►**Записници од родителски средби**<br>►**Анкети со родители и ученици**<br>►**Информации од стручната служба**<br>►**Програма за професионална ориентација на учениците (флаери и предавања)**<br>►**Правилник за професионален кариерен развој**<br>►**Закон за наставници (професионални компетенции)** | **Давање помош при избор на занимањето / институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br><br>ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани веќе неколку години има процедура за евидентирање на ученици кои го завршуваат основното образование и нивно продолжување во средните училишта, а тоа е следено од страна на стручната служба.<br>Учениците кои го завршуваат основното образование, училиштето ги запознава со конкурсот за упис во средно образование и им презантира промотивни материјали за нивно доусовршување или запишување. Учениците низ редовната настава се стекнуваат со вештини и се запознаваат со начинот за изработка на кратка биографија, а за тоа редовно се запознаени родителите. Исто така, училиштето води грижа за професионалниот развој на наставниците на кои им обезбедува учество на обуки, семинари, коференции и сл. |

## 4.4. СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

| Извори на податоци | |
|---|---|
| ►**Извештаи и анализи**<br><br>►**Педагошка евиденција и документација** | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br><br>Во училиштето уредно се води педагошката евиденција и документација низ |

| | |
|---|---|
| **►Преведница**<br><br>**►Разговори со наставници и стручна служба**<br><br>**►Записници од одделенски совети**<br><br>**►Записници од Наставнички совет** | која се рефлектираат постигањата и поведението кај учениците, нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата освен што се води евиденција за напредокот од образовните цели туку се внесени и развојните потенцијално-морално и етичко однесување на ученикот. Во училиштето постои соработка помеѓу сите наставници, стручната служба и раководниот кадар.<br>Уредно се води евиденција за премин на ученик- преведници за секој ученик кој од различни причини го продолжува своето образование во друго училиште или друга држава или пак доаѓање на ученик во нашето училиште. Евиденцијата која се води во училиштето е достапна за сите наставници, родители, ученици.<br><br>**<u>Анализа на напредокот на учениците по паралелки</u>**<br><br>Наставниците редовно изготвуваат извештаи и анализи по класификациони периоди за секоја учебна година, по паралелки, и истите се доставуваат до стручната служба и раководниот кадар. На одделенските совети се презентираат сознанијата за успехот, редовноста и поведението на секој ученик и за неговиот когнитивен сознаен развој, а на наставнички совет се изложува анализата и статистичките прегледи за успехот, редовноста и поведението, на ниво на училиште.<br>Во склоп на анализата се изготвуваат статистички и текстуален извештај и во контекст на тоа следат и препораките за идни активности на подобрување на успехот. Потоа, истите се презентираат на наставнички совет, се информираат родителите преку наставничко-родителските средби и Совет на родители и истите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. |

| Собирање на податоци (пр: прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета на наставници** | **Наставници<br>Стручна служба** | Анкетирани се 30 наставници (7м и 23ж) од кои 13 наставници се во одделенска настава (2м и 11ж), а во предметна настава 17 (5м и 12ж). Наставниците (100%) укажаа дека училиштето е безбедна средина за секој ученик. Во целост се води грижа за здравјето и за социјално загрозените ученици. Исто така, наставниците се изјаснија дека училиштето, во целост, нуди советодавна помош на секој ученик, и води грижа за хигиената во училиштето. Секој наставник во својата педагошка пракса (100%) води евиденција за индивидуалниот напредок на секој ученик. |
| **Анкета на ученици** | **Наставници<br>Стручна служба<br>Ученици** | Анкетирани се 30 ученици (15м и 15 ж). Од учениците 97% укажуваат дека наставниците редовно ги мотивираат за работа и учење, а 95% добиваат подршка од стручните соработници во училиштето. Во поголем дел, 94% учениците, сметаат дека односите т.е интерперсоналните односи ученик-наставник се добри што укажува на целосно почитување на кодексот на однесување во училиштето. |
| **Анкета на родители** | **Наставници<br>Стручна служба<br>Родители** | Анкетирани се 30 родители од кои 15 мажи и 15 жени, сите македонци, а добиените податоци од анкетата укауваат дека во голем број, 99% од родителите, се изјасниле дека училиштето е добра и безбедна средина за секој ученик, каде се нуди советодавна помош. Исто така, 97% од родителите се изјасниле дека се води евиденција за индивидуалниот напредок на секој ученик. |

| Резултати: Овде треба накратко се образложени клучните јаки страни и слабости |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Училиштетето е безбедна средина, за секој ученик, за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес;<br>• Редовно се одржува хигиената на сите училишни објекти;<br>• Одговорно и континуирано се води грижа за здравјето на учениците;<br>• Училиштето остварува соработка со родителите и другите институции од локалната средина. |
| **Слабости**<br>• Слаба соработка со семејствата кои се во социјален ризик;<br>• Потреба од подобрување на условите во однос на загревањето на училишните објекти - поставување на парно греење во ЦОУ Тополчани и ППУ Старо Лагово. |

| **Анализа на резултатите: Овде е дадена подетална евалуација на ова подрачје** |
|---|
| ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани на сите ученици им нуди подршка, грижа и заштита. Севкупната грижа се рефлектира низ грижата за здравјето, безбедноста на учениците во училиштето и од тука учениците се чувствуваат безбедни и сигурни. Постигнувањата и напредокот на учениците се следат, евидентираат и документираат. Училиштето води грижа за заштита од секаков вид на насилство, елементарни непогоди, како и давање на прва помош и грижа за здравјето. Проблемите кои интерно се јавуваат поврзани со поведението на учениците, тековно се решаваат во соработка со стручната служба во училиштето, наставниците и родителите. Училиштето, исто така, обезбедува соодветна грижа, благосостојба и заштита на своите ученици без оглед на полот. Родителите и наставниците сметаат дека училиштето и неговите наставници како и стручната служба професионално и одговорно се однесуваат кон учениците, секогаш навремено се информаирани за сите активности, оценувањето е правично според индивидуалните способности и карактеристики на учениците со правилна примена на критериумите за оценување. Соработката со локалната средина и другите институции се на високо ниво и се во интерес на задоволување на потребите и подршка на учениците во нивната едукација. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во развојната програма за работа на училиштето** |
| • Обезбедување на средства за професионален развој на наставниците (обуки за работа со ученици со ПОП);<br>• Поголема соработка со семејствата кои се во социјален ризик;<br>• Подобрување на условите во однос на загревањето на училишните објекти - поставување на парно греење во ЦОУ Тополчани и ППУ Старо Лагово |

**Подрачјето 4 - „Поддршка на учениците“ го изработија: Гордана Мирческа, Стојко Колески, Соња Тромпеска, Петар Најдоски и Владимир Димески.**

## 5. ПОДРАЧЈЕ 5: УЧИЛИШНА КЛИМА

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **5.1. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | • Углед/имиџ на училиштето;<br>• Кодекс на однесување;<br>• Училишна клима;<br>• Поведение и дисциплина во училиштето;<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми. |
| **5.2. ПРОМИВИРАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА** | • Промовирање на личните постигнувања на учениците;<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето. |
| **5.3. ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ** | • Познавање и поттикнување на правата на децата;<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици;<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот. |
| **5.4. ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА И ДЕЛОВНА ЗАЕДНИЦА** | • Соработка на училиштето со родителите;<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница;<br>• Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор. |

## 5.1. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| Извори на податоци | |
|---|---|
| ►Закон за основно образование<br><br>►Статут на училиштето<br><br>►Годишна програма за работа на училиштето<br><br>►Етички кодекс на однесување<br><br>►Етички кодекс на оценувањето на постигањата на учениците<br><br>►Етички кодекс за МИО<br><br>►Програма за ПМИО, МИМО<br><br>►Куќен ред во училиштето<br><br>►Програма на училишната заедница<br><br>►Програма за училишен парламент<br><br>►Избор на дете на правобранител | **<u>Углед/имиџ на училиштето</u>**<br><br>ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани е лоцирано во рурална средина долж пелагониската низина, и е препознатливо со големата пространост, односно наставата се реализира во девет училишни згради. Особено значајно е што општиот среден успех кај учениците има ист корелациски континуитет. Со реализација на современа и квалитена настава успешно ја остварува својата воспитно - образовна дејност, надополнувајќи се на мисијата и визијата.<br>Сите субјекти носители на воспитно-образовната дејност во училиштето се грижат за потребите на учениците, нивното здравје, безбедноста, родовата сензибилност, еднаквост, социјален момент и сл. со што се зајакнува мултикултурализмот, партиципацијата - подршката кон учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Со реализацијата на активностите од ПМИО/ МИМО се изработи иконографијата која во холот на ЦОУ низ сликовит и пишан материјал го одсликува мултиетничкиот и мултикултурниот карактер на нашата земја. Сите овие елементи придонесуваат да се развива позитивен однос меѓу нив рефлектирајќи се низ взаемното почитување, толеранција и хуманост. Од овие аспекти произлегуваат и добрите интерперсонални односи помеѓу учениците, наставниците, родителите, кое нешто позитивно се одразува на угледот-имиџот на училиштето.<br><br>**<u>Кодекс на однесување</u>**<br><br>Моралниот и етичкиот кодексот е составен од принципите, правилата на однесување и оценување на сите структури во училиштето (директор, стручна служба, наставници, технички персонал, родители, ученици, локална средина), а се рефлектира на добрите интерперсонални односи.<br>Во реализацијата на етичкиот кодекс учествуваат повеќе субјекти и истиот е прифатен на демократски начин. Во тој дел значајно е да се напомене дека произлегува и пишаната процедура во однос на прекршување на принципите и |

| | |
|---|---|
| **►Податоци добиени од записници од УЗ**<br><br>**►Педагошка евиденција-Интерен акт за изрекување на педагошки мерки**<br><br>**►Анкети**<br><br>**►Правилник за оценување, напредување, полагање на испит, пофалби награди педагошки мерки** | правилата на однесување и оценување, која редовно се спроведува во практиката.<br>Учениците активно учевствуваат во севкупниот живот на училиштето преку активности за демократско учество на учениците, преку одделенските заедници и училишната заедница, ученичкиот парламент, избор на дете правобранител, а преку нив превземаат активности за избор на ученици кои учевствуваат во училишните органи и тела (наставнички совет и училишен одбор) со што можат да поднесуваат иницијативи до училишните органи.<br>Училишните органи и тела го подржуваат демократското учество на учениците и ги разгледуваат нивните активности на кои им даваат повратна информација, насока и сл.<br><br>**<u>Училишна клима</u>**<br><br>Климата во ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани се базира на добро изградени интерперсонални односи. Тие се преплетуваат секојдневно на релација ученик-наставник-родител, па оттука се нанижува основното мото на почитување на личноста и давање на можности на афирмирање на нејзината креативност.<br><br>**<u>Поведение и дисциплина во училиштето</u>**<br><br>Поведението и дисциплината во училиштето (ученици и наставници) е основно мото за соработака, добра атмосфера и постојана грижа за остварување на мисијата и визијата. На демократски начин е формирана и училишната заедница каде се респектира и почитува одлуката на секој ученик, а училиштето за се редовно ги информира). Кон учениците со различни способности и интереси училиштето превзема активности на помагање и почитување. Поведението и дисциплината во училиштето е на високо ниво. Училиштето има изготвено интерен акт за изрекување на педагошки мерки, пофали и награди кон оние ученици кои имаат нарушено поведение, како и за наградување и пофалување на оние кои покажале добри резултати во учењето. |

| | |
|---|---|
| | **<u>Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми</u>**<br><br>Преку училишната зедница и училишниот парламент учениците од нашето училиште на ниво на паралелка и на ниво на училиште се вклучени во процесот на демократско учевство во донесување на одлуки и решавање на проблеми во училишниот живот. Преку активностите кои се реализираат во тековната година учениците учат за своите права, развиваат одговорност и самодоверба, градат позитивна слика за себе, стекнуваат вештини правилно да се изразуваат, да го почитуваат туѓото мислење, да превземаат акции и да донесуваат одлуки за решавање на своите проблеми. |
| **5.2. ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА** | |
| **Извори на податоци** | |
| ►**Извештаи, анализи**<br><br>►**Записници**<br><br>►**Педагошка, евиденција и документација**<br><br>►**Евиденција за новодојдени и заминати ученици (преведници)** | **<u>Промовирање на личните постигнувања на учениците</u>**<br><br>Личните постигања на учениците, континуирано се промовираат на ниво на училиште, а резултатите редовно и континуирано се истакнуваат низ секојдневната практика. Наставниците своите ученици редовно ги пофалуваат, мотивираат за работа во наставата и воннаставните активности.<br>Наставниците секогаш ги поттикнуваат учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално и национално ниво.<br><br>**<u>Промовирање на постигањата во име на училиштето</u>**<br><br>Училиштето како воспитно - образовна институција секогаш е отворено за соработка со надворешни лица. Особено ги отвора вратите на соработка со родителите кои можат да доаѓаат секој ден да се информираат за напредокот на своите деца.<br>Училиштето ги промовира знаењата на учениците преку одбележувањето на патрониот празник, како и преку учество на натпревари на општинско и државно ниво. За време на одбележувањето на Денот на училиштето се доделуваат награди и пофалници на ученици и наставници кои го промовираат |

| | |
|---|---|
| | училиштето од една страна, но и покажуваат успех од друга страна. Постигањата на учениците се прикажуваат на бројни натпревари, каде без оглед на полот учествуваат наши ученици и во зависност од способностите покажуваат добри резултати. Училиштето во текот на учебната година реализира приредби по повод значајни празници: „Нова година“, „8-ми Март“, „Ден на училиштето“, 24-ти Мај, и тука се истакнуваат постигањата на учениците од редовната настава, вонаставните и слободните ученички активности. Исто така, учениците се поттикнуваат и охрабруваат (афирмираат и промовират) да учествуваат на натпревари (ликовни изложби, лични творби, писмени состави, литературни читања, рецитали, драми, натпревари). Личните постигања на учениците училиштето ги истакнува во училниците во рамките на самото одделение, на огласна табла, на одделенски и наставнички совет и преку медиуми. Најдобрите ученици кои освојуваат награди, го преставуваат училиштето, а на крај на учебната година се избира првенец на генерација кој за својот континуиран одличен успех се наградува од страна на локалната самоуправа Прилеп.<br>Училиштето активно соработува со месното население од средината каде се лоцирани училиштата, а тоа, пред се, се активности од заеднички интерес. |

## 5.3. ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| **►Педагошка евиденција и документација за воннаставни активности**<br><br>**►Структура на паралелките**<br><br>**►Анкети/интервјуа со ученици, родители и стручна служба**<br><br>**►Програма за ПМИО/МИМО** | **<u>Познавање и поттикнување на правата на децата</u>**<br><br>Низ редовната настава, воннаставните активности и интегрираните наставни содржини учениците се запознаваат со правата на детето и неговите одговорности. Во текот на секоја учебна година се реализираат работилници за правата на децата, а тие активности се иницираат преку училишната заедница, ученичкиот парламент, низ предмети од редовната настава, како и преку едукативни предавања од страна на Детската амбасада За сите деца во светот“ - Прилеп. Особено се става акцент на реализацијата на работилниците „Отворени денови за граѓанско образование“, кога во најголема мера доаѓаат до израз ученичките иницијативи. |

| | |
|---|---|
| | **<u>Еднаков и правичен третман на сите ученици</u>**<br>Еднаквоста и правичноста кон сите ученици е **мото** во нашето училиште. Тоа е јака стана од аспект што наставниците и учениците од двата пола, без разлика на нивното социјалното потекло, подеднакво се вклучуваат во учеството на реализацијата на квалитетна настава, воннаставни активности, како и во уредување, средување и естетско обликување на ентериерот, ходниците и училниците. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста што како темелни вредности обезбедуваат почитување на сите структури, учесници во училишниот живот (наставници, ученици, родители).<br><br>**<u>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот</u>**<br><br>ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани ги едуцира и воспитува учениците да ја почитуваат сопствената култура, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата. Исто така, учениците се учат да ја почитуваат културата и традицијата на другите етнички заедници. Тоа особено доминира со пристапот кон реализацијата на проектот за меѓуетничка интеграциј (ПМИО/МИМО), како и соработката со партнерското училиште ООУ „Кирил и Методиј“- с.Канатларци. Партнер училиштето е со мешан етнички состав (македонска и турска националност) со што е обезбедена меѓуетничка соработка, особено, при реализација на заеднички настани (едукативни и спортски активности), како и други МИМО активности во одделенска и во предметна настава. Минатата учебна година, во соработка со партнер училиштето, се реализираа активности за промовирање на мултикултурализам под мотото: „Читаме, учиме, пееме и култура жнееме“, а низ работилници на тема „Ксантика“ и „Сонцето подеднакво да грее за сите деца“. Соработката со партнер училиштето продолжува и во периодот кој доаѓа.<br>Наставниците од одделенска и предметна настава еднакво и правично им даваат помош на учениците во рамките на реализација на наставата и воннаставните активности и воедно го афирмираат ликот на ученикот за самостојност и креативност. Овие активности на училиштето се базираат на педагошко-психолошките афинитети на наставниците низ секојдневните воспитно образовни активности, советувања, потикнување, мотивирање за учење и сл. |

## 5.4. ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА И ДЕЛОВНА ЗАЕДНИЦА

| Извори на податоци | |
|---|---|
| ►Годишна програма за работа на училиштето<br><br>►Извештаи за работа на училиштето полугодишен и годишен<br><br>►Програми и записници<br><br>►Родителски средби<br><br>►Совет на родители<br><br>►Педагошка евиденција и документација<br><br>►Приредби<br><br>►Програма за Совет на родители<br><br>►Слики<br><br>►Екскурзии<br><br>►Одделенски дневници<br><br>►Театарски претстави | **<u>Соработка на училиштето со родителите</u>**<br><br>Училиштето секогаш активно соработува со субјектите носители на воспитно-образовниот процес и ги потикнува родителите на соработка преку индивидуални, наставничко-родителски средби и Совет на родители. Училиштето ги отвора вратите на соработка и активно вклучување на родителите во животот и работата на училиштето. Преку нив се реализираат едукативни предавања, запознавање со нормативните акти и други активности кои се приоритет на училиштето (осигурување, помош при реализација на работилници и сл.)<br>Преку локалната средина училиштето им дава можност на родителите за соработка и учество на различни манифестации, донирање на скромни спонзорства и преку различни професионални профили вклучување во воспитно-образовниот процес. Во училиштето се чувствува потреба комуникацијата и соработката со родителите да се подобри, па во контекст на тоа наставниците бараат начини и методи за остварување на подобар интерактивен однос и мотивирање на родителите за поактивно вклучување во животот и работата на училиштето.<br><br>**<u>Соработка со општината и урбаната заедница</u>**<br><br>ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани соработува со локалната средина и урбаната заедница, а притоа посебен акцент се дава на посетеноста на културните центри каде децата културно се издигнуваат. Од страна на училиштето организирани се посети на музеј - Прилеп, на музеи и споменици во Скопје и сл.<br>Преку реализација на воннаставни активности од општ воспитен или научен |

| | |
|---|---|
| **►Фотографии**<br><br>**►Програми-записници**<br><br>**►Професионална ориенатација**<br><br>**►Детска организација**<br><br>**►Помладок на црвениот крст** | карактер се посетуваат и стопански објекти се со цел учениците да се запознаат со животот и работата на луѓето од пошироката средина.<br><br>**<u>Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор</u>**<br><br>ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани соработката со локалната средина, особено со локалната самоуправа ја остварува на добро ниво и овие изминати година преку неа се реализираа значајни инвестирања/реконструкции и тоа: поплочување на скалите во ЦОУ и холот во ППУ Старо Лагово, се изврши реконструкција на кровот во ЦОУ, се изгради еко - училница летниковец и оградување во ЦОУ, како и реконструкција на под во ПОУ Ново Лагово. За зачувување на енергетската ефикасност Локалната самоуправа донираше клима уреди во ПОУ с.Беровци, ПОУ с. Алинци и ПОУ с. Ново Лагово.<br>Во училиштето се реализираат едукативни предавања за професионална ориентација на учениците во деветто одделение се со цел мотивирање на учениците за продолжување на своето образование и избор на идното занимање. Училиштето соработува со медицински центар во однос на систематски и стоматолошки прегледи, вакцинации и ревакцинации, како и со претставници од МВР Прилеп кои во нашето училиште реализираат едукативни предавања од областа на сообраќајот и зависностите.<br>Училиштето соработува и со други училишта на база на размена на искуства, семинари од едукативен карактер, прослава на патронот и др. |

| Собирање на податоци (пр: прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета на наставници** | **Наставници<br>Директор<br>Стручна служба** | Анкетирани се 30 наставници (7 м и 23 ж), сите македонци, од кои 13 наставници се во одделенска настава (2м и 11ж), а 17 наставници (7м и 12ж) во предметна настава. Од анализата на анкетниот прашалник 100% од наставниците укажаа дека во целост меѓу нив има добра комуникација и соработка, 99% дека се почитува Кодексот на однесување во училиштето и има еднаков и правичен третман кон сите ученици без оглед на половата разлика. |
| **Анкета на ученици** | **Наставници<br>Директор<br>Стручна служба<br>Ученици** | Анкетирани се 30 ученици, од кои 15 машки и 15 женски, а според добиените одговори од анкетниот прашалник во ова подрачје 98% од учениците укажуваат дека односите во училиштето се добри, од што произлегува добрата соработка и интерперсоналните односи базирани на правичен и еднаков пристап, почит и разбирање. Стручните соработници редовно вршат предавања за здравјето и хигиената. Училишниот парламент има големо значење кај учениците и секогаш добиваме важни информации за животот и работата на училиштето. Детето правобранител има одлична соработка со стручните соработници, а учениците ги запознава со значајни теми. |
| **Анкета на родители** | **Наставници<br>Директор<br>Стручна служба<br>Родители** | Од анкетирани 30 родители, од кои 15 мажи и 15 жени, со обработка на анкетниот прашалник 99% од родителите се изјасниле дека во училиштето постои добра комуникација, соработка меѓу наставниците, родителите и учениците. Стручната служба 100% соработува со родителите. Исто така, родителите укажаа дека сите вработени во училиштето се грижат за безбедноста и здравјето на нивните деца. |

**Резултати: Овде треба накратко се образложени клучните јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Добри интерактивни односи (интерперсонални односи на сите субјекти) базирани на взаемна доверба, соработка еднаквост, правичност и доверливост;
- Почитување и примена на етичкиот кодекс на однесување и оценување;
- Взаемна доверба со родителите за потребите на учениците;
- Соработката на училиштето со општината, локалната средина и граѓанскиот сектор.

**Слабости**

- Континуирана потреба за набавка на нагледно - дидактички материјали за настава;
- Слаба соработка со деловната заедница;
- Недоволен интерес од страна на родителите за нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето.

| **Анализа на резултатите: Овде е дадена подетална евалуација на ова подрачје** |
|---|
| Училишната клима е на високо ниво. Низ својата воспитно-образовна дејност училиштето успешно го гради својот углед промовирајќи ги своите постигања. Јавно и транспарентно се застапува еднаквост и правичност кон сите субјети, ученици, родители и наставници, потпирајќи се врз основа на визијата и мисијата на училиштето. Сите вработени во училиштето ги почитуваат правата на детето.<br>Училиштето развива политика за афирмирање и промовирање на постигањата на учениците со взаемно почитување на етичкиот кодекс на однесување и оценување. Во тој однос училиштето успешно ги афирмира учениците преку училишната заедница во донесување на важни одлуки поврзани со училиштето.<br>Училиштето, низ својата работа, се обидува да оставари подобра соработка и партнерски однос со родителите и деловната заедница. Од друга страна пак, одличната соработка со локалната самоуправа се огледува низ големите инфраструктурни инвестиции во нашите училишта и тоа како во централното така и во подрачните. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во развојната програма за работа на училиштето** |
| • Обезбедување на финансиско - материјални сретства за набавка на нагледно - дидактички материјали за настава;<br>• Зајакнување на соработката со деловната заедница;<br>• Изнаоѓање начини за поголемо мотивирање на родителите за нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето. |

**Подрачјето 5 - „Училишна клима“ го изработија: Гроздана Богојеска, Јасмина Узуноска-Кадинец, Тони Чатлески и Бобан Богдановски.**

## 6. ПОДРАЧЈЕ 6: РЕСУРСИ

| Индикатори за квалитет<br>Оддели во рамките на подрачјето: | Т е м и: |
|---|---|
| **6.1. СМЕСТУВАЊЕ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ** | • Просторни услови;<br>• Искористеност на просторните капацитети. |
| **6.2. НАСТАВНИ СРЕТСТВА И МАТЕРИЈАЛИ** | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала;<br>• Училишна библиотека;<br>• Потрошен материјал. |
| **6.3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИОТ НАСТАВЕН КАДАР** | • Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници;<br>• Ефективност и распоредување на кадарот;<br>• Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар. |
| **6.4. СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТРЕБИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР** | • Професионален и кариерен развој на наставниците. |
| **6.5. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО** | • Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет. |

## 6.1. СМЕСТУВАЊЕ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

| Извори на податоци | |
|---|---|
| **►Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Развојна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Непосреден увид од ДПИ**<br><br>**►Записници од санитарна инспекција**<br><br>**►Распоред на часови**<br><br>**►Полугодишни и Годишни извештаи**<br><br>**►Записници од работата на стручни активи**<br><br>**►Интервју со наставници**<br><br>**►Податоци добиени од Годишниот план на активности за одржување на училишните згради**<br><br>**►Месечен план за одржување на хигиената во училишните згради и** | **Просторни услови**<br><br>ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, за реализација на својата воспитно - образовна дејност, користи училишни згради во повеќе населени места (Тополчани, Старо Лагово, Ново Лагово, Беровци, Галичани, Алинци, Загорани, Клепач и Чепигово) и ги исполнува сите услови за изведување на настава според Нормативот, па врз основа на тоа може да се констатира дека просторните услови се добри.<br>Училишниот простор каде се реализира настава и воннаставни активности се карактеризира со добри услови каде наставниот кадар и учениците развиваат пријатна атмосфера за усвојување на сознанија од едукацијата. Во различни училишта големината на училниците е различна, а бројноста на учениците во некои паралелки не е во пропишпаниот обем, односно, има мал број на ученици и работа во комбинирани паралелки во одделенска настава, додека пак во предметна настава тие работат во чисти паралелки. Затоа секоја година училиштето доставува барање за работа до МОН.<br>Во учебната 2020/21 и 2021/22 година училиштето набави поголем број на нагледни средства за реализација на поквалитетна настава по наставните предмети. Опременоста со ученички и канцелариски мебел делумно ги задоволува потребите, но опременоста со ИТ опрема и технички помагала е во голема мера подобрена. Имено, во изминатиов период беа набавени: таблети, лаптопи, ЛЦД проектори, Смарт табли, ТВ приемници и сл.<br><br>**Искористеност на просторните капацитети**<br><br>Училиштето во целост ги искористува просторните капацитети, води грижа за рационално сместувањето и уредно планира по Развојната програма за работа на училиштето и редоследно ги превзема сите активности. На тоа се надополнува и непосредниот увид на ДПИ врз оснава на што училиштето |

| | |
|---|---|
| **Годишен план на активности за проверка пред почеток на сезоната за греење**<br><br>**►Записници од набавка на лектирни книги**<br><br>**►Набавка на нагледни средства**<br><br>**►Донации на лектирни книги и детски екциколпедии** | пристапи кон реализација на сите препораки надополнувајќи се на својата основна мисија и визија особено во изготвување на рампи за ученици со ПОП, оградување во ЦОУ и ПОУ Ново Лагово и сл.<br>Наставниците знаат со кои наставни сретства и материјали располага училиштето и истите ефективно и рацинално ги користат во процесот на учење и поучување низ наставата. Во Годишната програма за работа на училиштето наставниците ги потенцираа нагледните средства со кои располага училиштето и оние кои треба да се набават. Исто така, наставниците ја збогатуваат наставата преку планирање и рационално користење на информатичката компјутерска технологија, особено со користење на интернетот. Полугодишните и Годишните извештаи за животот и работата на училиштето се доказ за работата на училиштето и осврртот на сите субјекти во него за обезбедување пријатни просторни услови за работа. Записниците од работата на стучните активи се надополнуваат со активности кои се поврзани со наставата и професионалниот развој на наставниот кадар со што се овозможува хоризонтално учење што ќе го афирмира кариерниот развој на наставниците.<br>Според Годишната програма за работа, училиштето набавува нагледни средства во рамките на своите можности како и добивање на донации од фирми со кои тековно соработува.<br>Училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни сретства и помагала по наставни предмети вклучувајќи книги, стучни списанија, аудио-визуелни сретства, ИКТ опрема и континуирано ги обновувана во зависност од материјалните сретства.<br>Директорот редовно спроведува активности за одржување на училишните објекти, хигиена во училиштето, системот за греење (парно и на дрва) и редовно ги ажурира настанатите промени. |

## 6.2. НАСТАВНИ СРЕДСТВА И МАТЕРИЈАЛИ

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| **►Документ за набавка на стручна литература и наставни помагала** | **<u>Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала</u>**<br><br>ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, за остварување на својата основна дејност, секоја учебна година обезбедува доволен број на наставници за |

| | |
|---|---|
| **►Евиденција во библиотека**<br><br>**►Интервју со одговорното лице кое ја води библиотеката**<br><br>**►Евиденција за планиран и набавен потрошен материјал**<br><br>**►Самоевалуација на училиштето**<br><br>**►Развојна програма на училиштето**<br><br>**►Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Интерен акт**<br><br>**►Полугодишни и годишни извештаи**<br><br>**►Записници од стручни активи** | реализација на воспитно - образовниот процес. Паралелно со тоа и според потребите се набавуваат нагледни средства по наставни предмети.<br>Наставниот кадар кој е ангажиран е во согласност со Нормативот за работа и од тој аспект тој е стучно квалификуван и оспособен за превземање на одговорности за реализација на наставата и е во соодност со Правилникот за систематизација на работните места. Наставниците, стручната служба и директорот работат ефективно како тим во реализацијата на активнстите поврзани со воспитно-образовната работа. Стручната служба води досие за наставници во кое го следи професионалниот развој на наставникот што е во контекст на мотото доживотно учење.<br><br>**<u>Училишна библиотека</u>**<br><br>Училишната библиотека е опремена со различна литература со голем број на наслови. Според едвиденцијата на одговорните лица за водење на училишната библиотека Мирјана Талеска (во ЦОУ Тополчани) и Марија Грижоска (во ППУ Старо Лагово) истата располага со следниот книжен фонд: |

| Училиштна библиотека во ЦОУ Круме Волнароски - Тополчани | | |
|---|---|---|
| Ред. број | Библиотечен фонд | Количество |
| 1. | Учебници - Тополчани | 774 |
| 2. | Лектири - Тополчани | 150 |
| 3. | Стручна литература и публикации | 665 |
| 4. | Книги (литература) - Тополчани | 5533 |
| Училиштна библиотека во ППУ Круме Волнароски - Старо Лагово | | |
| Ред. број | Библиотечен фонд | Количество |
| 1. | Учебници - Старо Лагово | 1034 |
| 2. | Лектири - Старо Лагово | 150 |
| 3. | Стручна литература и публикации | 294 |
| 4. | Книги (литература) - Старо Лагово | 2017 |

Наставниците кои работат со училишната библиотека редовно истакнуваат распоред за работа на истата.

<table>
<tr><td></td><td>

**<u>Потрошен материјал</u>**

Училиштето за своите потреби планира и навремено обезбедува потрошен материјал како за реализација на наставата и воннаставните активности, така и за одржување на хигиената во училиштата. Набавката на истиот се планира и реализира во согласност со Развојната програма и Финансискиот план на училиштето, и секогаш е достапен за наставниот кадар и учениците.

</td></tr>
<tr><td colspan="2">

## 6.3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИОТ НАСТВЕН КАДАР

</td></tr>
<tr><td>

**Извори на податоци**

</td><td></td></tr>
<tr><td>

**►Правилник за систематизација на работни места**

**►Досиеја на наставници**

**►Програми за работа на стручната служба:**

- **Педагог**
- **Социолог**

**►Годишна програма за работа на училиштето**

**►Дневник за евиденција за присутност (дневник на паралелката)**

</td><td>

**<u>Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници</u>**

Училиштето има обезбедено доволен број на наставнци за реализација на наставата. Наставниците ефективно и тимски придонесуваат за работата на училиштето исполнувајќи ги целите на наставата. Вкупниот број на вработени ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани е 47 (15м и 32ж). Бројот на наставниот кадар е 31 (7м и 24ж), стручни соработници се 2ж, административни работници се 1ж., техничка служба се 11 (7м и 4ж), еден раководител во подрачно училиште - 1ж и директор - 1м Дејан Бунтески. Вработените во училиштето се соодветни според нормативните акти.

**<u>Ефективност и распоредување на кадарот</u>**

Секоја учебна година училиштето води грижа за ефективно распоредување на наставниот кадар и тоа, како во одделенска, така и во предметна настава. Распоредувањето на наставниот кадар секогаш се прави според Нормативот и наставниот план и програма.

**<u>Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар</u>**

Училиштето има стручни соработници (педагог и социолог) и раководител на ППУ кои им помагаат на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата и тоа: следење на квалитетот на планирањата (Годишно глобално и

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | долгорочно среднорочно планирање) оперативниот план на час, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на наставници, ученици и родители. Стручните соработници и раководителот на ППУ с.Старо Лагово во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка. Особено акцент се става на помошта на наставниците-приправници во изработката на акциски истражувања и други стручни материјали (корирестење на современи форми, методи техники) интеграција со различлни наставни предмети и сл. |
| **6.4. СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТРЕБИ НА НАСТВНИОТ КАДАР** | |
| **Извори на податоци** | |
| **►Законот за основно образование**<br>**►Закон за наставници**<br>**►Правилници за професионален развој на наставници и стручни соработници**<br>**►Интерни акти**<br>**►Програма за професионален развој**<br>**►Личен план за професионален развој**<br>**►Извештај од самоевалуација**<br>**►Програми за менторсто**<br>**►Листа за посетени екстерни и спроведени интерни обуки** | **<u>Професионален и кариерен развој на наставниците</u>**<br><br>Професионалниот кариерен развој на наставнците и стручните соработници се темели врз Законот за наставници и стручни соработници (Сл.весник на РСМ 161/19), како и правилниците со кои се утврдени основните професионални компетенции на наставниците и стручните соработници по подрачја.<br>Основните професионални компетенции на наставниците, согласно член 24 од Законот за наставници ги опфаќаат знаења, вештини, професионални вредности и способости во следните подрачја:<br>1.Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем;<br>2.Поучување и учење (планирање и подготовка на наставата, реализација на наставата, оценување на учениците, познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби);<br>3.Создавање на стимулативна средина за учење (создавање на безбедна и стимулативна средина за учење и позитивна училишна клима);<br>4.Социјална и образовна инклузија;<br>5.Комуникација и соработка со семејството и заедницата и<br>6.Професионален развој и професионална соработка.<br>Основните професионални компетенции на стручните соработници, опфаќаат професионални вредности, знаења и вештини кои се темелат на заеднички и специфични компетенции одредени во следниве подрачја: |

| | |
|---|---|
| | ✓ работа со ученици;<br>✓ работа со наставници;<br>✓ работа со родители;<br>✓ соработка со заедницата;<br>✓ професионален развој и професионална соработка.<br><br>Училиштето раководејќи се според Законот за основно образование, Законот за наставници и интерните акти ги идентификува потребите на наставниците кое нешто е дел од професионалниот развој. Во секоја учебна година училиштето изготвува Програма за професионален развој на наставниците и врз добиените насоки секој наставник потполнува скала за самопроценка на компетенциите, па врз основа на истата изготвува индивидуален личен план за професионален развој со компетенции кои ги имаат или сакаат да ги подобрат. Професионалниот развој на наставниците и стручните соработници се темели врз лично индивидуално стручно усовршување, континуирана едукација, преку работата на стручните активи, следење на стручна литература и списанија, посета на семинари, вебинари и советувања организирани од БРО и други стручни институции.<br>Во изминатиот период наставниците ги посетија следниве семинари, обуки и вебинари:<br>❖ Реализација на новата концепција во основните училишта за 1,2, 4 и 5 одд- БРО;<br>❖ Обука за МКФ меѓународна класификација за функционирање, попреченост и здравје - Сојуз за специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ;<br>❖ Информативна сесија со стручните соработници од редовните училишта- ОУ со ресурсен центар „Кочо Рацин“- Битола;<br>❖ Превртена училница – концепт, стратегии и потребни ресурси за спроведување - Едуино;<br>❖ Безбедност и заштита при работа;<br>❖ Оценување за време на хибридна настава - креирање рубрики како дел од формативното оценување - Едуино;<br>❖ Креирање на интерактивни ресурси за хибридна и асинхрона настава за |

| | |
|---|---|
| | предучилишно и основно образование - Едуино;<br>❖ Постапки и инструменти за евалуација на учењето и поучувањето / практични примери и активности - Коучинг, Битола<br>❖ Како да се воведат целите за одржлив развој во наставата - Коучинг, Битола;<br>❖ Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени - Коучинг, Битола;<br>❖ Дизајнерско размислување како наставен метод за ученици од основното и предучилишнто образование - Коучинг, Битола;<br>❖ Спречување и борба против трговија со деца - БРО;<br>❖ Подобрување на дигиталните вештини на наставникот преку учење на нови ИКТ алатки - Здружение на просветни работници;<br>❖ Креативно учење преку игра за предучилишно и основно образование - Едуино;<br>❖ Училишна клима и курикулум, градење училишна клима и култура - Едуино<br>❖ Настава насочена кон учениците - Мировен корпус;<br>❖ Менаџирање на наставниот час - Мировен корпус;<br>❖ Превенција и осипување на ученици од образовниот процес - Едуино;<br>❖ Вовед во наставни компетенции со технолошка поддршка на наставата - Едуино;<br>❖ Критичко размислување, решавање проблеми и користење на уредот „Микро бит“ - БРО;<br>❖ Креирање тестови и оценување - Мировен корпус;<br>❖ Нова концепција и медиумска писменост - БРО.<br>Вебинари од здружение за дислексија АЈНШТАЈН<br>❖ Дискалкулија – практични методи и алатки;<br>❖ Дислексија и дисортографија од логопедски аспект;<br>❖ Инклузивно образование за учениците со интелектуална попреченост;<br>❖ Дислексија: практични методи и техники по Британски модел;<br>❖ Инклузивно училиште за учениците со аутистичен спектар на нарушување;<br>❖ Дислексијата во училницата – стратегии и алатки по пристапот на Ортон Гилингам;<br>❖ Развој на емоционалната интелигенција во детството и адолесценцијата; |

| | |
|---|---|
| | ❖ Дисграфија и диспраксија;<br>❖ Социјална комуникација и аутистичен спектар на нарушувања;<br>❖ Актуелно овде и сега анксиозност и како да се справиме со неа.<br><br>Секоја учебна година на новопримените наставници - приправници училиштето им назначува ментор, наставник соодветен по стручност. Во годишната програма за работа на училиштето застепено е годишно планирање за менторство (по подрачја) како оперативна програма за следење на приправникот. Училиштето според Планот за развој на наставниците води листа за посетени екстерни обуки како и спреоведени интерни обуки-десиминација на наставници од страна на стручната служба и самите наставници, во кој се огледува грижата за стручност и компетентност на наставниот кадар. |
| **6.5. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО** | |
| **Извори на податоци** | |
| **►Законот за основно образование**<br><br>**►Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Развојна програма**<br><br>**►Финансов план**<br><br>**►Училишен одбор (записници и одлуки)**<br><br>**►Совет на родители**<br><br>**►Склучени договори**<br><br>**►Закон за јавни набавк** | **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**<br><br>Во однос на планирањето и трошењето на училишниот буџет училиштето се раковди според Законот за основно образование, Развојната програма, Годишната програма за работа и сл, и секоја учебна година изработува Финансов план во кординација со секторот за финанси при Локалната самоуправа - Прилеп. За секоја календарска година училиштето има своја завршна сметка која секогаш е во позитивно салдо. Раководниот тим успешно и умешно ги спроведува механизмите за добивање и користење на дополнителни финансиски средства потребни за работата на училиштето. Во тој контекст училиштето, директорот, изготвува план за јавни набавки на секоја календарска година и формира комисии за јавни набавки, а за тие активности се запознаваат и преставниците на Училишниот одбор и сите структури од училиштето. На состаноците на Училишен одбор се разгледуваат, усвојуваат и донесуваат одлуки за финансиските активности и состојби на училиштето. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот и финансиските сретства. Во тој контекст се надополнуваат склучените договори, тендерите за јавни набавки, понудите и сл. |

| | |
|---|---|
| ►**Тендери за јавни набавки**<br><br>►**Понуди**<br><br>►**Извештаи до Бирото за јавни набавки** | Училиштето редовно ги информира органите и телата во училиштето за буџетот и трошењето. Преку донесените одлуки училиштето уредно обезбедува ефинасност, економичност и систематичност во распоредувањето на финансиите. Буџетските приоритети се поврзани со образовните цели на училиштето, а раководниот кадар систематски ги консултира вработените и истите финансиите ги насочуваат наменски, со цел, подобрување на квалитетот на наставата, учењето, подучувањето и развојот на училиштето. Во тој контекст се надополнуваат и доставените извештаи до Бирото за јавни набавки на секои шест месеци или двапати годишно за секоја учебна година. |

| **Собирање на податоци (пр: прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета на наставници** | **Наставници**<br>**Стручна служба** | Анкетирани се 30 наставници (7 мажи и 23 жени), сите македонци, од кои 13 наставници се во одделенска настава (2м и 11ж), а во предметна настава 17 наставници (5м и 12ж). Од анализата на анкетниот прашалник наставниците укажаа дека 93% од наставниците се информирани за финансиското работење на училиштето. Училиштето води грижа за подобрување на инфраструктура на училишните згради и добро разполага со ресурсите за училишните потреби. Наставниците се задоволни од помошта и подршката на стручната служба. Наставниците во 99% се задоволни од грижата на училиштето за нивниот професионален развој. |
| **Анкета на ученици** | **Наставници**<br>**Стручна служба**<br>**Ученици** | Од анкетирани 30 ученици (15 машки и 15 женски) според добиените одговори од анкетниот прашалник учениците укажале дека тие се вклучени во училишната заедница и на тој начин се вклучени во процесот на носење на важни одлуки. |
| **Анкета на родители** | **Наставници**<br>**Стручна служба**<br>**Родители** | Од анкетирани 30 родители од кои 15 мажи и 15 жени, родителите се изјасниле дека се информирани за финансиското работење во училиштето, ги подржуваат активностите што ги превзема училиштето, а ангажираниот наставен кадар е стручно застапен по норматив. |

| Резултати: Овде треба накратко се образложени клучните јаки страни и слабости |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Субјектите кои го реализираат воспитно-образовниот процес се стручно застапени според Нормативот;<br>• Подршка и следење на развојните потреби на наставниците како дел од професионалниот развој;<br>• Голем број на реализирани се обуки и семинари, вебинари кои се дел од професионално усовршување на наставниците и стручните соработници;<br>• Грижа за подобрување на инфраструктурата на училишните објекти;<br>• Водење грижа за набавка на наставни сретства;<br>• Уредно водење грижа во финансиското работење на училиштето. |
| **Слабости**<br>• Потреба од нагледни средства по наставни предмети;<br>• Потреба од реконстукција на ѕидови и тавани во ЦОУ Тополчани и ППУ Старо Лагово;<br>• Оштетен под во спортската сала во ЦОУ Тополчани;<br>• Обуки за професионален развој на наставници. |

**Анализа на резултатите: Овде е дадена подетална евалуација на ова подрачје**

ООУ „Круме Волнароски - Тополчани“ при реализацијата на својата основна воспитно-образовна дејност, се раководи според Законот за основно образование и ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот на дејноста. Во своето работење успешно спроведува набавка на нагледни средства, потрошен материјал, како и опременост со стручна литература. Успешно се води училишната библиотека и истата се надополнува според потребите и интересите на учениците и наставниците.

При релизацијата на наставата и вонnаставните активности, училиштето обезбедува и ангажира доволен број на наставници според нормативот. Стручната служба во училштето им помага на наставниците, во планирањето и организацијата на наставата и следењето на напредокот на учениците. Истровртемено, обезбедува советодавна помош на ученици, родители и наставници, насочува кон правилна примена на критериумите за оценување и активно учествува во животот и работата на училиштето. Стручната служба ги следи развојните потреби на наставниот кадар, го следи нивниот професионален развој (досие на наставник), ја следи обуката на наставниците (интерно и екстерно). Интерното усовршување на наставниците се реализира преку дисеминација, документирано во програмите на стручни активи.

Финансовото работење во училиштето е во согласност со законските нормативи, јавно и транспарентно се избира комисијата за јавни набавки, понуди, тендери и за своето работење јавно ги информира сите органи и тела. Во контекст на тоа се надополнуваат и извештаите до Бирото за јавни набавки.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во развојната програма за работа на училиштето**

- Обезбедување на материјални сретства за обуки на наставниците и стручната служба како дел од професионалниот развој;
- Обезбедување на средства за реконструкција на ѕидовите и таваните во ЦОУ Тополчани и ППУ С. Лагово;
- Санација на подот во спортската сала во ЦОУ Тополчани;
- Набавка на нагледни средства и помагала по наставни предмети.

**Подрачјето 6 - „Ресурси“ го изработија: Александра Ристевска, Татјана Зајкоска, Симона Димеска и Драги Драгутиноски.**

## 7. ПОДРАЧЈЕ 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **7.1. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО** | • Управување со училиштето;<br>• Раководење со училиштето. |
| **7.2. ЦЕЛИ И КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА** | • Јасност и соодветност на мисијата и визијата;<br>• Процедури за креирање на училишната политика;<br>• Резултати од развојното планирање. |

## 7.1. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| **►Закон за основно образование**<br><br>**►Статут на училиштето**<br><br>**►Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Деловник за работа на Училишен одбор**<br><br>**►Програма за работа на Училишенен одбор**<br><br>**►Програма за работа на директорот**<br><br>**►Програма за работа на раководител на ППУ**<br><br>**►Развојна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Записници од одржани состаноци на: Училишен одбор, Совет на родители, наставнички и одделенски совети** | **<u>Управување со училиштето</u>**<br><br>Во ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, Училишниот одбор (УО) е орган на управување кој е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Него го сочинуваат 7 члена и тоа: 1 претставник од локалната самоуправа, 3 претставници од родителите, односно старателите на учениците и 3 претставници од наставниците.<br>Надлежностите за управување на УО се јасно дефинирани во одредбите од Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на Училишниот одбор и истите се почитуваат и извршуваат. Училишниот одбор одржува редовни состаноци, работи според својата програма и секогаш навремено донесува одлуки за актуелни проблеми поврзани со воспитно-образовната работа и со целокупниот живот на училиштето.<br>Училишниот одбор има воспоставено добар однос со раководниот орган на училиштето, а за одлуките донесени од страна на Училишниот одбор, вработените се информираат на Наставнички совет.<br><br>**<u>Раководење со училиштето</u>**<br><br>Раководен орган е директорот на училиштето - Дејан Бунтески. Надлежностите за раководење и за административните задачи се јасно дефинирани со:<br>• Статутот на училиштето;<br>• Законот за Основно образование;<br>• Законот за работни односи.<br><br>Раководниот орган на училиштето, ги согледува и координира сите активности и потреби на сите субјекти носители на воспитно-образовната дејност, но и на другите кои заедно го сочинуваат животот и работата на училиштето. |

| | |
|---|---|
| **►Одлуки и извештаи од УО**<br><br>**►Анкетни прашалници со наставници, ученици и родители** | Исто така, раководниот орган постојано ја поттикнува, ја развива и ја следи тимската работа, има професионален однос кон работата и воспоставува позитивна комуникација со учениците, вработените и родителите. Во работењето на училиштето во центар се ставаат целите на училиштето кои се имплементираат низ целокупната работа. |

## 7.2. ЦЕЛИ И КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| **►Закон за основно образование**<br><br>**►Статут на училиштето**<br><br>**►Годишната програма за работа на училиштето**<br><br>**►Годишен извештај за работа на училиштето**<br><br>**►Развојна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Записници од одржани состаноци на Училишниот одбор, Совет на родители, наставнички и одделенски совети**<br><br>**►Акциони планови**<br><br>**►План за следење и евалвација на акциските планови** | **<u>Јасност и соодветност на мисијата и визијата</u>**<br><br>Целите на ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани се во согласност со образовната политика на државно ниво и истите се имплементирани во Годишната програма за работа и Развојната програма за работа на училиштето. Тие се јасно и прецизно дефинирани во училишните акти, а се фокусираат на подобрувањето на квалитетот на наставата, како и подобрувањето на постигањата на учениците и инфраструктурата.<br>Во креирањето и остварувањето на целите, начелата и вредностите на училиштето активно се вклучени и вработените и учениците со нивните родители / старатели. Училиштето ги запознава со нивното остварување и подобрување, но исто така и ги мобилизира да работат на остварување на целите, земајќи ги секогаш во предвид мислењата на родителите и учениците. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигнувањата на учениците. Образовната политика на училиштето е предвидена со ГПРУ и Програмата за развој на училиштето и истата е во согласност со државната и локалната образовна политика. Двата документи се кеирани согласно насоките од БРО и МОН. Во ГПРУ има јасност и соодветност на целите, како и процедура за креирање на училишна политика.<br><br>**<u>Процедури за креирање на училишната политика</u>**<br><br>Во креирањето на училишната политика учествуваат сите субјекти: целиот вработен персонал, учениците, родителите, Совет на родители, Училишен одбор и Локалната самоуправа. Како резултат на нивно активно учество во креирањето |

| | |
|---|---|
| **►Интерни акти**<br><br>**►Правилник за изрекување на педагошки мерки**<br><br>**►Извештај од интегрална евалуација**<br><br>**►Анкетни прашалници**<br><br>**►Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Годишен извештај за работа на училиштето**<br><br>**►Развојна програма за работа на училиштето**<br><br>**►Акциски планови за постигање на поставените цели**<br><br>**►План за следење и евалвација на акциските планови**<br><br>**►Записници од органи и тела**<br><br>**►План за професионален развој и стручно** | на политиката, истите се и благовремено информирани.<br>Преку Акционите планови се планираат и постигнуваат цели кои имаат позитивно влијание на работата на училиштето, а пред се се однесуваат на: Квалитетно учење и поучување; Промовирање на успехот; Максимално искористување на сите расположиви ресурси; Градење на клима на взаемна доверба и соработка; Поддршка и помош во усовршување на наставниците; Зајакнување на капацитетите на стручните активи и непосредно вклучување во подготвувањето на сите видови на настава; Непосредна подготовка на наставниците во изборот на целите и задачите во остварување на одделни наставни теми и единици; Планирање и програмирање на стручно усовршување на наставници; Соработка и работата на тимовите во училиштето; Учество на семинари, советувања и други форми на стручно усовршување на наставно - воспитниот кадар, примена на форми, методи и средства за мотивација на ученици со негативни оценки; Предлагање на форми и методи за организација на дополнителната настава; Воведување индивидуализирани форми на работа; Предлагање и воведување на нови мерни инструменти во наставата за оценување на учениците; Дидактичка методска помош на наставници – почетници; Реализирање на интерни едукации; Подобрување на квалитетот на наставата и следење на ефективноста на новите форми на работа (online настава); Мотивацијата на учениците за работа и учење; Развивање на инструменти за вреднување и самовреднување на работата на наставникот, како и помош во изготвување на инструменти за оценување на учениците; Следење и анализа на успехот на учениците.<br>Во нашето училиште наставата се изведува на македонски јазик, а се изучуваат англиски и германски јазик како задолжителни предмети. Има и други изборни предмети за кои учениците сами одлучуваат преку анкета. Анкетата за изборните предмети се спроведува во мај со согласност на родителите и учениците.<br><br>**<u>Резултати од развојното планирање</u>**<br><br>Развојните цели се одраз на мисијата и визијата на училишето и сите се во функција на подобрување на севкупната работа на училиштето. Училиштето има |

| | |
|---|---|
| **усовршување**<br><br>**►Извешати од интерна евалвација**<br><br>**►Извештаи од интегрална евалуација;**<br><br>**►Пописни листи**<br><br>**►Финансов план на училиштето**<br><br>**►Годишен план за јавни набавки**<br><br>**►Пописни листи**<br><br>**►Увид во опрема**<br><br>**►Увид во инфраструктура**<br><br>**►Апликации на училиштето во обезбедување средства од локална самоуправа и МОН**<br><br>**►Програма за работа на Училишен одбор**<br><br>**►Педагошка евиденција и документација** | изготвено акциски планови за поставените цели, како и план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигањата со јасна динамика и конкретни индикатори за успешност. Исто така, училиштето има програма за професионален развој на наствниците и стручните соработници. Училиштето систематски и навремено ги планира и обезбедува материјално-техничките средства со што се обезбедува оптимално реализирање на наставниот процес. Училиштето редовно обезбедува средства од локалната заедница за подобрување на инфрастуктурата на училиштето.<br>Со целите на развојната програма, преку стратешките, развојните и конкретните цели се нагласуваат идните активности кои училиштето треба да ги реализира, поврзани со инфраструктурните зафати, професионалниот развој на наставниците и набавката на нагледните средства и дидактички помагала. Во креирањето на развојната политика учествува директорот, базирајќи се на ставовите и препораките од страна на стручната служба, раководителот на ППУ, Училишниот одбор, Советот на родители, а исто така, во утврдувањето на целите активно се вклучени наставниците, учениците, родителите и претставници од локалната заедница.<br>Во интерес на реализирање на поставените цели за развој на училиштето се определени задачите, активностите, одговорните лица и временската рамка за нивна реализација. Во планот за евалуација се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активности со кои се следи успешноста на реализирање на поставените цели.<br>Училиштето преку редовно одржување на состаноци со Советот на родители, родителски средби и наставнички совет ги запознава сите заинтересирани субјекти за реализација на поставените цели земајќи ги притоа во предвид нивните предлози и ставови. Исто така, училиштето континуирано обезбедува средства за обуки на наставниот кадар.<br>Во секоја учебна година, согласно финансовиот план, се подобрува инфраструктурата во училиштето. Училиштето освен соработката со локалната самоуправа соработува и со МОН секотор-инвестиции.<br>Во Годишната програма за работа на училиштето нагласени се материјално-техничките средства со кои располага училиштето, а кои се од витално значење за реализација на квалитетна настава. Потребите за набавка на |

| | |
|---|---|
| **►Анкетни прашалници со наставници, ученици и родители** | материјални средства произлегуваат од приоритетните потреби кои ги идентификувале наставниците и кои им се потребни за реализација на наствата.<br>Училиштето има и план за професионален развој и дава поддршка на вработените за нивно професионално надградување, па врз основа на нивните идентификувани потреби (личен план за професионален развој) се изработува и програма за професионален развој на ниво на училиште.<br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Составен дел во реализација на наставата е образовната технологија. Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрување на инфраструктурата., и притоа, континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето, санирање на дефекти, се со цел непречено одвивање на наставата и подобрување на безбедноста и квалитетот за работа.<br>Раководниот орган перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, од Бирото за развој, МОН и ДИЦ.<br>По завршувањето на секоја учебна година следи анализа на резултатите од учениците и со тоа се градат подрачја на приоритети за воспитно-образовна програма на училиштето од каде произлегуваат задачите за следната учебна година. Училиштето ќе изработи Развојна програма со јасно дефинирани приоритети врз основа на оваа самоевалуација. |

| Собирање на податоци (пр: прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета на наставници** | **Наставници Директор Стручна служба** | Анкетирани се 30 наставници, од кои 7 мажи и 23 жени, сите македонци, од кои 13 наставници се во одделенска настава (2м и 11ж), а 17 наставници (5м и 12ж) во предметна настава. Од анализата на анкетниот прашалник се укажаа дека училиштето, во целост, јавно и јасно го одредува развојното планирање. Наставниците се изјасниле дека во училиштето, 100%, континуирано се следат потребите за стручно усовршување и посебен акцент се става на тоа дека во 100% училиштето се ангажира за подобрување на инфраструктурата на училишните згради. |
| **Анкета на ученици** | **Наставници Директор Стручна служба Ученици** | Анкетирани се 30 ученици, од кои 15 машки и 15 женски, а според добиените одговори од анкетниот прашалник во ова подрачје учениците укажуваат дека се задоволни од работата на училиштето и секогаш имаат подршка и помош во однос на разрешување на некој нивни проблем. Во тој контекст се надополнува и сознанието дека училиштето промовира еднаков и правичен третман на сите ученици како и почитувње на кодексот на однесување. Училишната политика води грижа за професионалната ориентација на учениците. |
| **Анкета на родители** | **Наставници Директор Стручна служба Родители** | Од анкетирани 30 родители, од кои 15 мажи и 15 жени, со обработка на анкетниот прашалник добиени се податоци кои ни укажуваат дека 99% од родителите се задоволни со раководењето и управувњето на училиштето. Тие истакнале дека училиштето креира добра училишна политика засновано на тимска работа и дека директорот воспоставува продуктивни партнерства со непосредната и пошироката заедница. Исто така, секогаш се информирани за одлуките и активностите на училиштето во однос на подобрувањето на условите за работа. |

| **Резултати: Овде треба накратко се образложени клучните јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br>• Одлуките кои училиштето ги носи се јавни и транспарентни;<br>• Училишниот одбор во својата работа има изградено транспарентен однос;<br>• Раководниот орган донесува одлуки и успешно се раководи со промените во образовниот систем и спроведува позитивни промени во работењето на училиштето;<br>• Директорот на училиштето води грижа за целокупната организација и реализација на воспитно – образовна работа во училиштето;<br>• Директорот има професионален однос кон работата кој е заснован на најнови знаења, вештини и тимска работа;<br>• Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес;<br>• Училиштето обезбедува поддршка за професионален развој на вработените;<br>• Во училиштето постои план за следење и евалуација на реализацијата на активностите;<br>• Раководството на училиштето во склоп на материјалните можности ги поддржува учениците и наставниците во нивните постигања, ги наградува, ги пофалува и се грижи за нивното здравје;<br>• Еднакви права и обврски на учениците од централното и подрачните училишта;<br>• Отвореност на училиштето за соработка со родителите, локалната заедница, невладиниот сектор и медиумите. |
| **Слабости**<br>• Континуирана потреба од материјални средства за набавка на наставни и дидактички средства;<br>• Потреба од финансиски средства за реконструкција на ѕидовите и таваните во ЦОУ Тополчани и ППУ Старо Лагово;<br>• Потреба од финансиски средства за поставување на парно греење во ЦОУ Тополчани и ППУ Старо Лагово. |

**Анализа на резултатите: Овде е дадена подетална евалуација на ова подрачје**

Директорот на ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани ја контролира целокупната воспитно-образовна работа на училиштето, согласно законската регулатива соработува со Училишниот одбор и врз основа на тоа се донесуваат важни и одговорни одлуки за животот и работата на училиштето. Во училиштето успешно функционираат Училишниот одбор, Советот на родители и директорот на училиштето, а таа соработка овозможува постоењето на позитивна клима во истото. Раководниот тим во училиштето редовно одржува состаноци со сите тимови во училиштето како што се тимот за проекти, активите на наставниците и други. Консултациите на релација раководен тим и други субјекти во училиштето се на задоволително ниво.

При реализацијата на поголемиот број на активности во училиштето, со донесените одлуки активно се запознаваат сите субјекти. Училиштето има изградено кодекс на однесување на учениците што во голема мера придонесува за подобрување на дисциплината на учениците. Во креирањето на политиката на нашето училиште учествува раководниот тим на училиштето. За политиката на училиштето се информираат сите инволвирани страни во образовниот процес преку: соодветните органи, родителите, компетентните лица од страна на локалната самоуправа, преставници од МОН, БРО, НВО и други институции од пошироката средина.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во развојната програма за работа на училиштето**

- Обезбедување на материјални средства за набавка на наставни дидактички средства;
- Обезбедување на финансии за реконструкција на ѕидовите и таваните во ЦОУ Тополчани и ППУ Старо Лагово;
- Обезбедување на средства за поставување на парно греење во ЦОУ Тополчани и ППУ Старо Лагово.

**Подрачјето 7 - „Управување, раководење и креирање политика“ го изработија: Мирјана Талеска, Марта Шукуроска, Валентина Костоска и Анета Тренкоска.**